# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од продолжението на Четириесет и втората седница,

одржана на 6 ноември 2003 година

Продолжението на седницата се одржа во Собранието на Република Македонија , сала 1 со почеток во 10,15 часот.

На продолжението на седницата претседаваше госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да продолжиме со работа.

Премиерот е на пат, секој момент треба да дојде, а ние да почнеме.

За збор се јави господинот Александар Гештаковски, министер за локална самоуправа.

(Господинот Замир Дика од место бара збор за реплика на господинот Владо Бучковски).

Сакате збор за одговор на реплиакта, меѓутоа господинот Бучковски во моментот сеуште не е пристигнат, бидејки ќе дојде и тој добро би било да има одговор на реплика во присуство, па би Ве замолила ако сакате да причекаме да дојде.

Господине Дика, Вие и вчера ја имавте шансата да му одговорите, меѓутоа не ја искористивте. Вие самиот замоливте да се продолжи времето и сите го почитуваа тоа, го продолживме времето, а Вие не довршивте.

( Реакција на господинот Дика од место).

Јас би замолила да причеката да дојде господинот Бучковски, за да има логика целата комуникација. Ве молам, ќе добиете збор, нема проблем.

Јас се извинувам пред да му дадам збор на министерот Александар Гештаковски, министер за локална самоуправа да констатираме дека своето отсуство од денешната седница го најавија пратениците: Ангелка Пеева Лауренчиќ, Есад Рахиќ, Фазли Велиу, Али Ахмети, Слободан Чашуле, Марјан Ѓорчев, Петар Наумовски и Љубчо Георгиевски, кои ме известија од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешната седница.

Повелете господине министер.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници,

Би сакал да дадам одредени појаснувања во делот на последната дискусија на почитуваниот пратеник Дика, кој врз основа на погрешно читање на Извештајот на Владата свесно или несвесно произведуваше заклучоци кои во основа одат на одредена теза која господинот Дика и неговата партија ја тврдат подолг период дека обврските од Рамковниот договор во Република Македонија не се реализираат, или поинаку речено доста споро се реализираат.

Владата на Република Македонија изразуваки ја својата политичка волја, цврста решеност, дури без никакви предрасуди пристапи кон реализација на Рамковниот договор. Г-динот ика читајки го Извештајот, завршувајки со Министерството за локална самоуправа, анаизирајки ги сите министерства произнесе заклучок дека во извештаите на министерствата не е посветено внимание на обврските, задачите и реализираните обврски од Рамковниот договор почнувајки од основните принципи и начела, од уставните амандмани и сите анекси А, Б и Ц.

Господине Дика врз основа на определбата на Владата и структуралното изготвување на Извештајот на Владата една од основните задачи согласно теркот беше обврските од Рамковниот договор во која фаза се и како се извршуваат. Таквото значење за обврските на Рамковниот договор и обврските пред министерствата е претставено во Извештајот кој Ви е доставен. Вие свесно или несвесно, прескокнувајки го делот Рамковен договор или договор за Македонија од страница 26 до страница 31 се извлечени и опишани обврските на сите минситерства кои ги имале за реализација на Рамковниот договор. Особено од нивното значење на страница 27 го имате Министерството за локална самоуправа, кое според вашето искажување кажувате дека Министерството за локална самоуправа ни со еден збор не е спомнато во Рамковниот договор. Цитирам: “ Министерството за локална самоуправа го донесе или го предложи до Владата планот за имплементација на Рамковниот договор, оперативната програма за децентрализација на власта 2003-2004 година, основи за подготовка на програма за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во јавната администрација..”

Сите овие документи, би сакал да напоменам дека се презентирани и имаат добиено подршка врз основа на динамиката на нивно донесување дури и од највисоките претставници од ДПА и опозиционата партија ВМРО-ДПМНЕ на средбата кај претседателот на државата, на Република Македонија .

Врз основа на тие усогласувања Владата на Република Македонија ги усвои овие документи и ги реализира и понатаму сите министерства ги укажуваа нивните обврски до

каде е реализацијата, почнувајки со Министерството за образование, Министерството за економија и слично, сите оние министерства кои ги цитираШе г-динот Дика извлекувајки заклучок.

Г-дине Дика особено мислам дека не е во ред вашето заклучување и одење на еден дел према граѓаните припадници на заедниците, или албанската заедница дека во овој период со вашите примери се маргинализирани и ништо не се прави произлегувајки од Рамковниот договор врз основа на основнит епринципи, пред се на соодветната и правичната застапеност. Тоа го имате во Извештајот, тоа е обврска на секое министерство, донесени се сите акти, а вие сте ссвесни врз основ ана тие потреби веќе тече и обучување на околу 600 млади луѓе кои треба да ги заземат своите места во јавната администрација дури врз основа на признавање во рамките на образовниот систем и повисок систем на образование.

Особено за мене е неприфатливо начинот на кој се третираат односите меѓу заедниците во делот на една обврска од Рамковниот договор, кој г-динот Дика не го спомена, а јас би сакал. Тоа е рамноправен и уедначен пристап до јавните фондови и јавнит епретпријатија.

Господине Дика вие укажавте дека при последната распределба на средствата од вишокот на приходите над расходите према општините припадниците на заедниците, или на албанската заедница во кои се во значителен број, или во мнозинство добиле само 1%. Јас би Ви посочил да ја видите Одлуката на Владата на Република Македонија од 19 мај 2003 година каде се распределени средства од околу 96 милиони. Не би ги коментирал, но би сакал да укажам на вашиот дел дека само 1% добиле општини во кои се мнозинство припадници на албанската заедница. Господине ика само Гостивар доби 3,5 милиони денари. Од 96 милиони или 100 тоа е 3,5%. Соберете ги, видете ја Одлуката. Во никој случај сметам дека не би требало врз основа на меѓуетничките односи, односи на заедницата да ги мешаме со стручните критериуми. Оваа Влада во својот пристап не прави никаква дискриминација према единиците на локалната самоуправа дали припаѓаат на опозиција или позиција и односот на заедниците. Водиме грижа онаму каде се најпотребни средствата да ги дадеме. Истото важи за сите министерства.

Господине Дика од 100 милиони распределени од Министерството за транспорт и врски општина Тетово врз основа на тие проценки доби 11 милиони, тоа е 11%. Истото е во Министерството за образование, истото е во делот на транспорт и сите министерства.

Особено би сакал да укажам, бидејки беше потенцирано министерството за локална самоуправа се води посебна грижа на делот на распределба на средствата од Бирото или Агенцијата за неразвиени. Видете го Извештајот, видете ги општините и

сметам дека во тој дел нема нема никаков проблем и не се прави никаква дискриминација. Таквите тези носат само штета на меѓуетничките односи.

Јас би сакал да Ви укажам, сигурен сум, а вие можете да го проверите , и заеднички вашето мислење кое го истакнавте во дел на обврските од Рамковниот договор, особено за пристапот до јавните фондови не го делат градоначалниците, особено градоначалниците кои припаѓаат на вашата политичка партија, со кои секојдневно сме во контакт и во рамкит ена расположивите финансиски средства ги решаваме проблемите. Во тоа сум сигурен и сметам во тој интерес не би требало да се пласираат опасни и такви тези.

Оваа Влада и понатаму останува, го спроведува, тоа е наведено во Извештајот и ќе го спроведува Рамковниот договор без никакви предрасуди и без никакви пречки кои ги прават одредени политички партии. Таа е цврсто решена, има политичка желба, волја и ќе го реализира Рамковниот договор. Тоа од значењето на Рамковниот договор, повторувам уште еднаш, е извлечено од делот на обврските од Извештајот што ви е доставен.

Господине Дика ао го погледате тој дел сигурно ќе се уверите за реализацијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Едно појаснување за г-динот Дика, ќе ви дадам збор за реплика.

Кога се јавуваат министите или претседателто на Владата нема потреба да се третира како реплика. Тие имаат право секогаш да земат збор, така што тој едноставно дискутира и затоа има приоритет пред пратениците.

Г-дине Дика доколку сакате реплика на г-динот министер повелете.

ЗАМИР ДИКА:

Јас имам само една минута.

Господине министер би замолил кога се разговара за тоа колку направила Владата од Рамковниот договор, тука е и премиерот и тој може да каже за целата Влада. Добро е вие да разговарате за вашиот ресор. Тоа е прво прашање.

Можеби не сте ме слушнале добро и не сте ме разбрале, еве да го прочитам делот за вашиот ресор во Извештајот. Вие сте го направиле ова: “План за имплементација на Рамковниот договор, програма за децентрализација на власта, оперативна програма”, ништо конкретно, а тоа се папири.

Основи за подготовка на програма за соодветна .. основи за програма , една година.

Ќе ви го донесам Службениот весник пред Нова Година, го немам со себе сега, за половина час и ќе викажам каде сте дистрибуирале по општините еден дел од суфицитот

на Буџетот, или што било тоа тогаш. Албанскаите општини имале 2% од тие проценки. Ќе ви донесам и ќе ви покажам.

Една година се доцни со територијалната поделба врз основа на Рамковниот договор. Каде е децентрализацијата, што ќе правите со општината Кале. Тоа се општините кои што вие треба да ги дадете пред нас.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика на господинот Дика на вчерашната дискусија е пријавен г-дин Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ќе се обидам во временскиот период кој што е предвиден , што значи реплика три минути да се сконцентрирам на  две, три прашања кои беа дискутирани од колегата Дика.

Прво, прашањето за употребата на јазикот. Ќе бидам аутокритичен, самокритичен и доколку г-динот Дика стои на тезата дека не е усвоен законот за јазиците, јас би прифатил, а можеби тука сме виновни ние. Како што е познато законот за употреба на јазикот треба да го регулира прашањето за употребата на јазикот и на другите јазици нормално во државните институции. Но, еднаш потенцирав, уште еднаш ќе потенцирам.

Прашањето на употребата на јазикот во Парламентот се регулира со лекспецијалис, она што ние го велиме како правилник за работ ана овој Парламент, кој што е усвоен од Парламентот од минатиот состав. Законот за употреба на јазикот е лекспецијалис и сега секогаш се потенцира дека виновникот се бара кај  ДУИ или кај актуелната власт.

Почитуван господине треба една работа да ни биде јасна. Употребата на јазикот, кога зборувам со терминот зборувам има големозначење. Рамковниот договор, Анексот Б точка 8 доколку не се лажам многу  е жива, јасна употребата на зборот. Значи се употребува, се насочува обраќање, значи обраќање усмено, а не писмено. Зошто не се употребува албанскиот јазил. Зошто не се употребува албанскито јазик? Кој е виновникот? Тој што го донесе Правилникот. Кој го донесе тоа? Јас сигурно не го донесов тоа. Мислам дека нема потреба од поинакви објаснувања околу ова прашање бидејки се е јасно.

Второ, се критикува член 95 алинеја 2 од Законот за високото образование од кој зависи перспективата на образованието кај албанците во Македонија. Колку за информирање, член 95 алинеја 2 предвидува можност на употреба на албанскиот јазик и државно финансирање на високото образование во Македонија. Едно е повеќе од вистина. Во тој член се употребуваат два или три збора-адекватни студиски програми.

Затоа вчера.., точно се соочуваме соовој проблем, студиски програми, адекватни подразбир апрограми кои треба да се подготват од основачот на секој  насока. Физика треба да има своја адекватни програи, хемија исто така. Правните науки и т.н. и т.н.

Трето, ќе се обидам да дадам два три аргументи за економскиот развој или што се нарекува странски инвестиции.

Повеќе од точно е дека оваа Влада е на власт една година и еден ден. Во текот на тој период да се даде една позитивна инвестирачка клима во услови кога, колку што јас знам, бидејки тоа го знам многу добро како студент, јас сум докторирал на таа тем аи колку што имам информација барања за ревидирање на приватизација во тековниот период се толку многу што и јас самиот незнам колкав е тој број.

Друго прашање како може да дојдат странски инвестиции врз некои прашања кои што ги тангираат националните прашања се политизира. Еклатантен пример е последниот Закон за државјанство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата има господинот Замир Дика.

Повелете.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам колега што ми дадовте можност повторно да се произнесам.

Деловникот, уште еднаш да потсетам, неколку пати сум го рекол, во времето кога се усвојуваше Деловникот ние инсистиравме и велевме дека нема да може да има Деловник доколку не се вклучи и зборот “се обраќа”. Се додека  се толкуват соодветно за Рамковниот договор по Деловникот нема да има избори. Вие господа бевте тие кои што вршевте извонреден притисок врз нас велејки дек ание правиме политички маркетинг, не сакаме да има избори затоа што не сакаме Вие да дојдете на власт. Јас бев самиот учесник во дискусиите за усвојувањето на Деловникот.

Второ, еве сме згрешиле да кажеме. Ги изгубивме изборите

Господа, цела една година сте на власт, цела една година сте Влада, цела една година не успеавте да измените едно мало прашање од Деловникот, кое што е во согласност со Рамковниот договор. Што сте правеле една година доколку една мала работа не сте ја смениле од Деловникот. Каде е законот за употреба на јазикот. Дека вие доцните со овој закон, секој ден доаѓаат други закони со кои се релативизира употребата на албанскиот јазик. По една година нема веќе да има потреба од законот за употреба на јазикот, затоа што нема да биде корисно, со кој закон ќе биде потенцирано каде може да се користи албанскиот јазик. Што да кажам повеќе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика на вчерашната дискусија на господинот Дика се јави Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Дика во вашиот вчерашен говор во врска со употребата на албанскиот јазик во Собранието споменавте две тези. Дека наводно политичките партии и лидерите на политичките партии од коалицијата се договориле за толкување на Деловникот, од кое вие не сте задоволни.

Второ дека со тоа ги елиминира потписниците, дел од потписниците на Рамковниот договор. На тоа сакам да Ви го дадам следното појаснување.

Прво, секој треба и секој има право и може да го спроведува и да се залага за спроведување на Рамковниот договор и тоа е сосема легитимно , независно дали е потписник или не. Така да тоа нема што да ве засега, или што да Ве навредува доколку некој се залага за она што Вие сте го потпишале. Нема потреба од фрустрации тука.

Второ, лидерите не разговараа за толкување или промена на Рамковниот договор, туку за негово спроведување, така што и тоа е сосема легитимно. Тие не го променија текстот ниту на Рамковниот договор, ниту на Деловникот господине Дика. Еве го Деловникот, за што ви реплицираше и господинот Јашари. Како аргумент за она што го говорам прочитајте ми каде пишува она што вие го говорите. Напротив, она што го пишува во Деловникот и Рамковниот договор е спроведено институционално не од лидерите и нивниот политички договор, туку од надлежните собраниски комисии и сите пратеници тоа го почитуваат, со исклучок на претседателот на Комисијата која ја води пратеник од вашата партија. Тоа се фактите, господине Дика, така што овие одредби се обврска за сите. Мислам дека тоа прашање е затворено и нема никаква потреба понатаму да дискутираме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата, господин Дика, една минута.

ЗАМИР ДИКА:

Почитуван колега, ми ги потврдивте моите тези. Изјавувате дека Рамковниот договор е исполнет дека е реализиран. Многу жалам за овие оценки. Мислам дека прашањето е многу отворено. Ова е не е моја лична оценка, туку ние како пратеници овде го пренесуваме мислењето и ставот на нашиот електорат. Верувајте, наискрено ви кажувам дека владее многу негативна атмосфера, посебно меѓу албанците и нашиот електорат во однос на тоа дека Рамковниот договор е претворен во еден театар. Ве

молам, овие аргументи кои ние ги изнесуваме, забележете ги, реагирајте на време, затоа што после ќе биде предоцна.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господин Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Мојата реплиак е во врска со вчерашниот говор на господинот Замир Дика. Во вашата дискусија пласиравте неколку невистини или пак дезинформации. Заради вистинско информирање, јас сум обврзан да дадам неколку објаснувања.

Вие велите дека сте осамени во вашите говори во Собранието на Република Македонија кога се споменува имплементирањето на Охридскиот договор. Во вчерашниот договор над 130 пати го спомнавте Рамковниот договор.

Од друга страна, пред неколку месеци вие оваа Спогодба, овој Договор го спомнавте како веќе замрен, умрен. Сега треба да и објасните на јавноста, бидејќи ние знаеме дека ова е една политичка промаганда, доколку Охридскиот договор е умрен, зошто вие инсистирате да се имплементира? Во здравството се вели нешто што е умрено, нема дас оживее. По се изгледа дека вие ќе пронајдете уште едно чудо во здравството, во медицината.

Исто така, споменувате дека не е овозможено на претседателите на општините да ги именуваат началниците на единиците на Министерството за внатрешни работи. Но ова не ви го попречивме ние, туку законските одредби кои сеуште не стапиле во сила. Вие добро знаете, бидејќи бевте пратеник во Парламентот во минатиот состав кога беше донесен овој закон, дека законските одредби кои се во надлежност на претседателот на општината за именување началници на единиците на Министерството за внатрешни работи не се влезени во сила.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Дика, реплика на реплката една минута.

ЗАМИР ДИКА:

Почитуван колега, се обидов да најдам некој факт на кој би можел да ви реплицирам, меѓутоа, не можам да најдам. Рамковниот договор не е пациент, туку е една многу значајна материја. Немојте да го третирате договорот како пациент, почитуван пратенику, затоа што имавте една цела година да направите нешто, да се мрднете од мртва точка за да ја унапредите положбата на албанците во согласност со Рамковниот

договор, а вие сеуште велите дека е виновна изминатата влада. Многу грешите. Прочитајте ги законските одредби кои ние ги усвоивме. Усвоивме Деловник за именување началници во Министерството за внатрешни работи. Вие повеќе го браните министерот за внатрешни работи, отколку самиот себе. Министерот треба сам да се брани. А дури нешто ние да сме згрешиле, вие сте таму цела година, а не сте направиле ништо во однос на именување началници во тие општини.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на вчерашната дискусија на господинот Замир Дика има господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Мојата реплика во однос на вчерашната дискусија на колегата Дика се однесува на делот во врска со амнестијата и ќе се фокусирам на ова прашање.

За жалење е ситуацијата нечие страдање да се искористи за политички маркетинг и во таа насока, на тие што се поврзани и засегнати со ова прашање многу им е јасно колку се реализирало и како се реализира Законот за амнестија. Тоа што треба јасно да се каже е дека на Законот не треба да му се чита само насловот и првиот член, туку треба јасно да се каже дека Законот за амнестија го покрива периодот на сето она што се случило 2001 година, заклучно со 26 септември 2001 година. Доколку овде се прави обид да се вклучат работи и да се вклучат дела после 26 септември, тогаш нема смисла воопшто да се говори за амнестија.

Второ, вие бевте оние кои пропагиравте теза дека нема потреба од закон за амнестија и дека е доволна изјава од страна на Претседател на државата. Работа која впрочем се покажа како недоволна, се покажа дека не е доволна една изјава од Претседателот.

Исто така, тој закон не го почитувавте прво вие додека бевте на власт и во текот на владеењето на изминатата власт фактички се вршеа сите приведувања на поранешните припадници на ОНА. Сега не би сакал да ги спомнувам со имиња сите оние кои биле пуштени од затвор последнава година, меѓутоа, факт е дека сите оние кои имале врска со 2001 година и пред тоа се амнестирани и се на слобода.

Јас не би сакал повеќе да зборувам во оваа насока, меѓутоа, фактите ги знаат оние што се засегнати и веќе нема потреба да се врши политички маркетинг врз нивната несреќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата една минута за господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Почитуван колега, повторно виновник за вашиот неуспех е опозицијата. Вие не велите да го прочитам не насловот, туку и вториот и третиот член. Јас ви зборувам за судбината на луѓето, јас ви зборувам за факти. Седум месеци Кренар Османи беше во затвор во вашиот мандат. Имавте и министер за правда. Вие го државте седум месеци. Потоа, после седум месеци пресија и притисок од наша страна судството рече дека тој се третира според Законот за амнестија и беше пуштен. Вие немавте никаква реакција. Само работите, меѓутоа, не зборувате многу. Ве молам, немојте вака како мелница да работите, туку гледајте ги работите на фундаментален начин, не е добро.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ако повеќе нема реплики, да продолжиме, да му дадеме збор на господинот Ружди Матоши.

Би ве молела сите во своите дискусии и во своите реплики да се насочуваме кон она што е на дневен ред, а тоа е точката Предлог за избор на членови на Владата на Република Македонија.

РУЖДИ МАТОШИ:

Госпоѓо потпретседател, господине премиер, почитувани пратеници,

Демократски е и правило на демократијата е кога Владата на Република Македонија секогаш се обраќа кон Парламентот за својата работа. Една изрека вели дека козата понекогаш треба сама да оди кај месарот.

За едногодишното владеење на коалицијата СДСМ, ДУИ и ЛДП Владата подготвила еден илустриран извештај не со достигнувањата туку со слики на министрите од конференциите каде што тие учествувале. Меѓутоа, колку и да учествувале и колку и да се сликите квалитетни, тие не можат да го подобрат квалитетот на животот на граѓаните во Македонија. Од тој убав дизајн на извештајот на Бранко Црвенковски произлегува проектот на реконструкција на Владата.

Самата идеја за реконструкција на Владата покажува дека Владата грешела, значи работата на Владата не била ефикасна во многу сегменти. Понудата на премиерот со менување на четири министри да отпочне легитимноста на едно ново владеење е плод на внатрешни и нови пазарења.

Во убаво дизајнираниот извештај се вели и јасно е дека сите министри работеле добро. Поради тоа, се поставува прашањето на кого да му веруваме, на извештајот што ни се предлага овде, или на рекомпонирањето на Владата. Ако застанеме кај извештајот, тука не се дава никаков аргумент за слабите резултати на Министерството за правда и за многу добри резултати на министерот за здравство или на Министерството за внатрешни работи. Според извештајот, сите работле добро, а ова го кажал и лидерот на ДУИ, господинот Али Ахмети на Косовската радио телевизија. Тој цитира дека "сите министри работеле добро, меѓутоа, имаме потреба од освежувања или давање на нови шанси". Јас би констатирал дека Владата не е место за шанси фи заосвежувања. Ако се потребни освежувања, тоа се пикниците или Шарските планини, тие се многу подобри за освежување. Ако треба шанса, тоа е лото или бинго, да се оди и да се игра таму, додека Владата е за луѓе кои имаат капацитет, способност и можности да раководат со работите во Владата.

Меѓутоа, ова се празни теории и оправдувања кои го навредуваат здравиот разум на народот. Ова е многу погрешно мислење, ако некој мисли дека народот може се да проголта што ќе му сервира оваа Влада.

Од ова што го реков, се поставува едно едноставно прашање: зошто се прави ново рекомпонирање на Владата. Одговорот е толку едноставен. На сите им е јасно сега дека на господинот Ахмети му импонира барањето ПДП да се внесе во коалицијата и да се намали улогата на ДУИ во оваа Влада., Независно од тоа што се изграат мистериозни карти, сега се е сосема јасно. Значи, ДУИ за да сокрие една ваква работа, сега веќе извршена од нејзините структури и за да го сокрие фактот дека ДУИ помалку се хипнотизира или се проголтува од ПДП, партија која се декласира на последните парламентарни избори. Поставувањето на кадрите на ПДП на највисоките позиции јасно покажува дека Бранко Црвенковски со овој маневр сака да покаже дека е способен да ја омекне ДУИ, претворајќи во партија ПДП-А, Ризван Сулејмани, Бесим Јашари, Азис Положани, Иџет Мемети се само неколку имиња од имињата за оваа еволуција на трансформацијата на ДУИ во ПДП-А. Реално, не му верував на фактот дека Иџет Мемети ќе прифати вакво нешто, кога портпаролот на ПДП рече дека уште фигурира во нашите тетратки како член на ПДП, меѓутоа, кога го видов тука, се уверив дека е вистина.

Треба јасно и отворено да се каже дека со проширување на коалицијата и со внесувањето на НДП и ПДП во ДУИ се тежнее вината да се подели. Според оваа логика, според девијациите за разните заостанувања нема да биде виновна само ДУИ, туку и ПДП и НДП. Оваа манипулација, ова креирање на новите коалиции прави ДУИ

првенствено да се сокрие од самото членство и од самиот народ. Значи, работиме со дриблинзи и со банални игри кои веќе се откриени. Секако, народот е измамен од ангажирањата на ДУИ, со трансформирање на Охридскиот договор според барањата на СДСМ. Гласањето за Законот за патните исправи, внатрешниот договор на Бранко Црвенковски во внатрешните пазарења, партиските пазарења, со запоставување на Законот за амнестија, бруталното влегување во Брест, Малино, лажното официјализирање на Тетовскиот универзитет и други марифетлаци сега веќе го заситиле и убедиле народот во негативните резултати од оваа политика.

Народот прави едноставна пресметка што се доби после потпишувањето на Рамковниот договор. Се ослободи народот. Дали се сега албанските граѓани побезбедни, дали живеат подобро, дали се побезбедни поранешните припадници на ОНА. Што се случува реално со студентите на Тетовскиот универзитет, со преселувањето од една зграда во друга, или дали Исмаил Дарлишта и Милаим Ајдини беа послаби од Азис Положани и Реџеп Селмани. Каква клиентела е Агрон Буџаку и Иџет Мемети. Сето ова народот го обвинува, обвинувајќи се самиот себе за грешката што е направена на минатите парлементарни избори.

Некој ќе праша, зошто ние ги критикуваме овие феномени. За да се осветиме на ДУИ, за да се осветиме на граѓаните? Не, никако. Ние посакуваме да ја спречиме големата манипулација што се прави под диригентство на Бранко Црвенковски за толква број на манипулации, господинот Али Ахмети нема сила да се соочи, а би додал ниту интерес, затоа што тој е жртва на интегралистичката политика што ја импонираат другите. Нему веќе не му е јасно што претставува партиски, а што национален интерес.

Со интегрализмот навлегуваат македонските рефлектори во албанското битие, каде тие со огромна леснотија ги опсервираат овие внатре албански феномени, за да изградат нова поефикасна терапија. Со оваа нова интегралистичка терапија, нему веќе не му е јасно каде почнува неговата партија ДУИ и како завршува таа како ПДП.

Почитувани пратеници, јас подготвив и некои параметри тука, кои се однесуваат на Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, меѓутоа, пред да продолжам би сакал да се сконцентрирам малку на одредени елементи, каде со факти би сакал да заклучам дека во многу институции немаме позитивна клима и немаме активност, која соодветствува со Рамковниот договор. Доколку запреме малку на националната програма за култура, од цела таа програма, само една реченица е, сечини дека има односно соодветствува со Рамковниот договор. Има една позитивна измена, значи, која има лексиконски аспект. Таму каде што пишува малцинства, сега етничка заедница. Тоа е единственото нешто. Меѓутоа, доколку навлеземе во буџетските

параметри во Министерството за култура, Републичкиот буџет одделува 118 милиони 888 илјади денари односно 1.942.500 евра за административни трошоци во Министерството за култура, каде структурата на вработените од 2760, само 76 се албанци, односно 2,8%. Додека финансиите за да се произведе културата се следните. 1.562.673 илјади денари или 25,533.873 евра. Додека за финансирање на дејностите од албанската културна област ова министерство дели само 2% и во овие 2% ги опфаќаат другите етнички заедници. Зошто немавме еден пристап кој што би бил во согласност со Рамковниот договор во однос на културата. Додека од друга страна бевме сведоци на проценки од претставници на Владата дека при изработка на оваа програма, се консултирани Европски експерти и европски механизми и јас немам документи и немам јасна визија за тоа како биле направени овие консултации со механизмите од ЕУ. Би сакал да ја знам вашата улога во текот на овие консултации кои се вршеле со меѓународноит фактор. Затоа што, тие велат дека ние сме добиле зелено светло, дека е во согласност со Рамковниот договор, дека е многу добра национална програма, согласно со сите стандарди што треба да ги исполни Македонија. А, фактите говорат сосема нешто друго.

Нешто и за Министерството за транспорт и врски, каде врз основа на извештаите на Владата за проекциите за транспорт, јасно се гледа дека во ниедна област, било да е тоа железничкиот превоз, патниот превоз, телекомуникациите, буквално ништо се нема реализирано од тоа што било планирано со проекциите за 2003 година. За проекциите кои се финансирани од страна на ЕУ во Секторот на инвестициите и меѓународните интеграици, јасно се гледа дека не е направено ништо. Посебно, во однос на патниот превоз, каде се даваат податоци за реализација на патни програми, патни проекти, патни проекции од изминатите години, како што е тоа обиколката околу Охрид, каде што главните работи беа направени во текот на 2002 година, на останаа недовршени сите сигнализации и други улици, патишта за поврзување кои и до ден денес сеуште не се завршени.

Во овој извештај, исто така, се дават податоци и за првиот дел од автопатот на Коридорот 10 кон Грција, преку Неготино и Демир Капија. Иако, изградбата е заврПена во 2002 година, сигурно дека во овој извештај во овој прв дел, не требаше воопшто да се спомне, затоа што таа е работа која ја завршил некој друг. Истата работа се однесува и за терминалот за граничниот премин Блаце. Работите беа и отпочнати и од минатата власт, а тој сеуште не е завршен. Изгледа дека сите овие се спомнати во извештајот на Владата за да може тој да се разубави и да се каже дека нешто се работело во оваа област. Но, како што вели народот не треба да се китиме со туѓи перја, затоа што тие

паѓаат и излегува на виделина вистината. И, сигурно, дека би било подобро тие воопшто да не се спомнуваат, затоа што така срамот би бил помал.

Што се однесува до работите во однос на автопатот околу обиколката Скопје, од Хиподром до Сарај од 25 км., како дел од Коридорот 8, за кој според извештајот 120 милиони евра се обезбедени од Европската банка за обнова и развој и Светската банка. Како стојат работите реално, најдобро покажува извештајот на Варнер, комесарот на Европската комисија и пред 10 дена и извештајот на Бусек, координаторот на пактот за стабилност. Во првата фаза на оваа делница од Хиподром до Оризаре, која минува низ населеното место на Сингелиќ, иако работите почнаа пред една година, скоро ништо не е направено, ниту 10% од работите. Изгледа дека работите се сосема во застој со што се предизвикува проблеми на жителите при изработката на нивното земјиште, кое се наоѓа околу автопатот. Затоа што, се отворени многу канали кои што не се превршени и не се привршуваат, затоа жителите од оваа област многу често се жалат дека никој не ги викнал да склучат договори околу деловите од земјиште кои се експроприрани или кои се користат од изведувачот. И, тие навистина се зачудени од незаинтересираноста да се привршат работите со оглед на фактот дека тука стлои целата машинерија без прична на полињата. Сето ова се потврдува и од  извештајот на Бусек, координаторот на пактот за стабилност и затоа истиот предлага замрзнување на финансиските средства од страна на ЕУ. Токму заради ова, затоа што немаме интерес  кој не се покажува од страна на Владата. Освен немањето и недостаток од интерес од страна на Владата и слабата организација за спроведување на работите, повлекување на средствата од Европската банка од страна на Македонската влада, исто така, Владата била незаинтересирана за реализација на проектите од витално значење, а тоа асно се покажува во последнот извештај на ЕУ на инвестициите околу Коридорот 8 да се направат после 2017 година. Знаејќи дека Македонија е на раскрсницата на Коридорот 8 и Коридорот 10, а Коридорот 8 кој што почнува во Бургас, Република Бугарија, преминува преку Македонија и завршува во Драч, преку Албанија во должина од преку илјада километри, од кои 300 километри минуваат низ нашата држава и за чија изградба ќе треба да се инвестираат околу 1,5 милијарди евра.  Во идната декада сигурно дека би било покапитална инвестиција која би дала поттик на државата, за што повеќе да се интегрира, да се движи кон Европската интеграција. Последици на оваа пасивност и неорганизираност на Владата во текот на донесувањето на овие одлуки од страна на релевантните Европски институици, се повеќе загрижувачки и сигурно дека сите ќе ги почувствуваат врз себе, дури и нашите внуци. Значи, за оваа област, полошо не може да биде. Тука сакам да го спомнам ии директорот на Фондот за патишта, еден г-дин Хасип, незнам дали е тој кадар на дуи или на Турската

заедница, меѓутоа, имам податоци дека тој буквално ништо не разбира од прашањата на патиштата. Тој е трговец со парфени и сте го ставиле таму и досега сите негативни елементи за претставување на овие проблеми од таа институција, имаме едно големо ништо.

Вие имате застој со ММФ, кој што исто така бара реформи и трансформација на јавните организации, како што се железниците, поштите, електродисстрибуцијата Македонија - пат и други и тука работите се најлоши што можат да бидат.

Почитувани пратеници, сега ќе се задржиме на економијата и на некои економски параметри. Значи, освен што констатиравме дека со Рамковноит договор не одат работите, сме констатирале и во економската област дека работите не одат по ниедна точка. Значи, по ниедна точка економскиот план не соодветствува со програмата, со економската програма која беше претставена во текот на изборната кампања. На првите страни од експозето гледаме дека Владата се обидува да ги измами пратениците, со тоа што вели дека има големо зголемување на бруто националниот производ и оваа Влада имала успех дека склучила аранжмани со ММФ и дека ова било голема работа.

Токму за да се знае на премиерот, значи, сите места од регионот имаат аранжмани со ММФ и тоа имаат многу поповолни аранжманки, од
аранжманот на Владата на РМ. Стен-бај протежираат кон стабилност во корист на развој на економијата. Токму поради слабите преговори кои ги водела Владата, да не спомнам уште нешто. Во 2000-та година Република Македонија немаше аранжман со ММФ од 4,5% повисок раст,. повисок развој од времето на независноста на'Република македонија. Не сакам лошо да се разбереме од Меѓународниот фактор или од претставниците на ММФ, меѓутоа, слободно можеме да консттираме дека преговорите биле катастрофални од страна на Владата, иако можеле да аранжираат и по поволни аранжмани за една подобра клима на макро-економски развој.

Потоа, Владата го смета како развој и економскиот успех . Исклучително е смешно и тоа што и децата од лулките знаат кој беше координатор за влез на државата во Светскиот пазар и кој го потпиша овој проект и кој го потпиша овој проект од една страна, додека од друга страна цело време била критикувана од ваша страна кога сте биле во опозиција и наместо да подариме и да зборуваме убави зборови за координаторот, кој што ги водел овие разговори и бившиот министер за економија г-динот Бесник Фетаи, Вие без малку вина го затворивте. Единственто нешто што сте направиле од ваша страна за вклучување на РМ во Светската трговска организација е наредба на куририот наМинистерството да ги носи документите, потпишаните документи од страна на Бесник Фетари, од Влада до Парламент, за да се усвојат. Ако ви текнува опозицијата го донесе

проектот во парламентот во текот на усвојувањето, додека вие и пратениците од позицијата не зборувавте ништо во тоа време. Меѓутоа, немавте што да направите, туку само да гласате за зачленување на РМ. Сега, без капка вина во прв страна, вие сакате да го сметате како успех на Владата и дури не учествувавте на Конференцијата на СТО во Мексико, каде што се поздрави зачленување на Македонија од страна на членките на СТО. Меѓутоа, без претставниците на Владата на РМ.

Сакам да застанам малку кај бруто домашниот производ, со некои параметри од економијата. Значи, како што рече во експозето и самиот премиер, бруто домашниот производ има пораст од 2,8%. Во извештајот од минатите шест месеци, од минатата година се поставуваат прашања од кои економски гранки доаѓа овој економски пораст. Ако се анализира структурата на економските сектори кои што учествуваат во создавањето на бруто домашниот производ, ќе се забележи дебакл, економски дебакл на оваа Влада. Индустрискиот производ е зголемен за 7%. Се поставува прашање од кој економски сектор. Анализирано врз основа на секторите од 27 економски гранки, 20 економски гранки имаат пад на економијата, само 7 економски гранки имаат пораст, економски пораст, и тоа обработувачката индустрија во производството на основни метали има пораст од 32,8%. Значи, овде се става Југохром и Фени. Овде е снабдувањето со електрична енергија и вода 9,1%, во производство на метали има 3,4%. Ќе ја прашам Владата, производството на прехранбените производи е кадастрофална, минус 15,9%. Производството на тутун имаме една симболика 0,1% и ова е позитивно. Производство на текстил минус 25,7%. Производство на кожа минус 18,7%, производство на хемиска индустрија минус 20%, производство на електрични апарати минус 28,6%. Овие гранки во економијата учествуваат во производство, во индустриско производство околу 90,6 и 6,8%, кое што го вработува најголемиот дел од населението во Македонија. Значи, опфакаат 95% вработени во Република Македонија. Додека порастот е зголемен во производството за широка потрошувачка, што се употребува на долг рок 59,9%, што во структурата на индустрискиот производ не е значајно, затоа што учествува со 3,2%.

Од сето ова можеме да констатираме дека економските гранки кои што имаат предност во РМ и кои што треба да ја извадат државата од економска криза, се во катастрофална состојба, освен производството на метали, каде што треба да се споменат заслугите од минатата Влада, која што на успешен начин за приватизација на најголемите губитници на Југохром и на ФЕНИ. Значи, не исклучуваме дека во параметрите на производството на индустриски производи, да ги вклучиме и Балканстил и Макстил. Меѓутоа, тие се со 1% од 50 до 20%, како и порастот на обезбедување со електрична енергија на овие претпријатија. Овде се гледа економскиот дебакл на оваа

Влада, која посакува да покаже успех во порастот на индустрискиот производ само од три претпријатија приватни и едно јавно претпријатие Електростопанство.

Значи, уште еднаш ќе ја повторам онаа народна анегдота што значи со туѓи перја не треба да се украсуваме. Значи, со работа на другите, не треба да се фалиме.

Исто така, имаме пад и во градежниот сектор за 20,2%, што е еден од најклучните сектори за излегување од длабоката економска криза, каде што често пати многу држави овој сектор го користат како инструмент за излегување од економска криза.

На пример обидинувањето на Германија каде се засили со развој на Источна Германија. Вистина е дека имаме пораст во трговскиот сектор кој се карактеризира како сектор кој не дава долгорочни резултати каде имаме повисок пораст во импортот, односно експортот каде како резултат имаме трговски дефицит со сума од 653 милиони долари што е рекорд и истиот може да предизвика непредвидливи последици и да играме “аргентинско танго”.

Што се однесува до вработувањето самите признавте дека бројот на невработените е зголемен за 10.000 и нема што да додадам, тоа е најболната точка за граѓаните кои на 15 септември ја земаа својата судбина во свои раце и гледаме како се вработува по една личност од секое семејство.

Што се однесува до Буџетот кој на старт беше едно конципирање како и политичко економско конципирање кое се реализираше во првото шесмесечие и уште повеќе ја сруши економската состојба со заштеди во капиталните трансфери како предуслов на економскиот развој.

Значи штедење во јавни инвстиции кои се продуктивни за економијата, додека трошење во администрацијата за непродуктивни цели. Ова беше теоријата на Бранко да се стопираат инвестициите во инфраструктурата со цел намалување на буџетскиот дефицит од 6 на 1% оствајќи ги граѓаните без водовод, без електрична енергија, без училишта, без амбуланти и тн.

Ќе застанам малку кај девизните резерви. Во Извештајот се потенцира пораст на девизните резерви. Кај мене е 94 милиони долари, а во Извештајот се вели дека се 107 милиони долари, но во ред. Меѓутоа, да напавиме една анализа од каде доаѓаат овие девизни резерви. Според извори од Централната банка во Македонија нето девизниот прилив е 75 милиони долари и тоа 17 милиони долари од сукцесијата со поранешната СФРЈ од поделбата на имотот. 18 милиони долари имаме од аранзманот со ММФ и 48 милиони долари од Интерпарламентарната вредност поради заслабување на доларот. Тука не се гледа некој пораст на девизните резерви поради ревитализирање на економските активности.

Сакам да кажам дека нема пораст кај девизните резерви од сукцесијата и од измените на девизниот курс, туку треба од ревитализација на економските активности да имаме пораст на девизните резерви.

Што се однесува до надворешниот долг нема што да кажам затоа што во извештајот се гледа неуспехот на Владата каде се товарат со долг идните генерации и истовремено ви гарантирам дека Владата и Централната банка не знаат точно колку е надворешниот долг на Република Македонија. За ова ако сакате во Парламентот ќе направиме една комисија, ќе одиме во Централната македонска банка ќе видите дека не се знае надворешниот долг на Македонија. Каматите се исклучително високи, 15,6% додека процентот на профитабилноста е дебакл во внатрешните инвестиции во однос со бруто домашниот производ од 18%. Тоа е еден од најниските во Европа. Надворешните инвестиции се 14 милиони долари што се најниски во Европа, додека во земјите од регионот се над 500 милиони долари.

Исто така нагласивме и јавни инвестиции но тие се најниски во регионот, околу 1,5% од структурата на Буџетот. Слободно можеме да констатираме дека оваа Влада дефинитивно треба да се отстрани да не го лаже народот со празни фрази, затоа што ќе дојдат и тие три години со уште поголеми последици отколку сега за време на војната.

Минатата влада имаше инвестиции од 442 милиони долари. Оваа влада само што дојде на власт наместо да ги стимулира надворешните инвеститори таа ги дочека како непријатели не гарантирајќи им приватна сопственост.

Што се однесува до Министерството за економија нема што да кажам, работите зборуваат денес сами за себе, министерството може да се третира како локална заедница и токму за ова министерот се менува од неговото место.

Можеме да констатираме дека во оваа Влада се следи со менталитет кој го плаќаат земјите на Источна Европа во дискусија со еден меѓународен фактор во врска со процесите на реформите што се развиваат во земјите на Југоисточна Европа. Тие констатираат дека Македонија страда од еден вирус кој не може да се отстрани од земјите на Источна Европа што е наследно од комунистичките земји. За ова постојат три карактеристики.

Првата карактеристика е реваншизам, значи освета која во оваа власт се потврди дека има континуитет на комунизмот, карактеристика на контрола над медиумите што за ДПА продолжува една информативна темнина, мрак и не реформирање на комунистичка глава, значи немаме колективни реформи на бившите структури на Југоисточна Европа кои во континуитет продолжување на бившата комунистичка партија. Тие сеуште не можат да се усогласат со западните стандарди.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е јавен министерот за култура господинот Благој Стефановски, а потоа следните реплики.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Би сакал да му одговорам на неколку медитации на господинот Матоши на тема култура.

Мислам дека за разлика од него господата од ДУИ заедно се договоривме дека ќе ги држиме европските стандарди и ќе ја воведеме мултикултурата или културната разноликост и заради тоа го поканувам господинот Матоши на 14 и 15-ти со експерти на Советот на Европа во Скопје каде се поканети 150 експерти и ќе говориме за тоа дека ДУИ е на правата страна, дека тие ги поддржаа измените во Законот за култура, дека тоа е предност за Македонија и дека мултикултурата е нешто со кое треба да го кажеме како гордост, а не со вакви ситни забелешки. Меѓутоа, и на таа тема она што е ретрограден процес ги делиме луѓето со проценти, македонци, албанци, турци, власи, односно сите етнички заедници, ќе говорам и со тој речник. И во тој дел, повторно ќе кажам дека ДУИ гради една европска политика, а тоа е што во оваа година дена на издаваштвото го има тој процент, иако јас не би сакал да зборувам за проценти, ако се квалитетни програмите сигурно ќе има повеќе, нема да доаѓаме до такви бројки, значи над 23% за разлика од претходните 4 години, тие можат да ги кажат нивните, јас нема да ги кажам затоа што не сакам да бидам малициозен. Бројот на вработени во самото Министерство за култура го има тој процент, но и повисок . На пример третиот човек во Министерството за култура во творештвото е од албанска припадност, во оваа година дена 6 албанци се во самото министерство за култура. Знаете дека во последните 4-5 години неможеа да се вработат државни службеници освен ако не се прават некои заобиколни патишта, но ние во институциите на културата како и во албанската драма каде имаше проблеми во минатата година таа албанска драма со такви креативни сили, но со недостиг од млади кадри, во тие 4 години не е вработен ни еден млад актер кој завршувале во Скопје и другите метрополи, јас дозволив 5 вработувања на актери во албанската драма по пат на договор за дело. Бројката од 20 и нешто претстави која се одржа во цела 2002 година, а во 2003 година само за овие девет месеци отиде над 100 со учество на многу фестивали и вратени со награди. Еве деновиве во Елбасан се наоѓаат учесници од албанската драма и од драмскиот театар. Исто така и во Корча и театарот од Прилеп и албанската драма кои се вратија со награди. Тој дел од мултикултурата го правиме со поддршка затоа што луѓето видоа дека тоа е една етапа со која ќе го одиме тој пат кој не е така

лесен, реформите во културата уште не се започнати и со овој закон за култура ќе започнат.

Кадрите кои раководат со институциите од културата немало никогаш поголема застапеност на албанците од сега. Резултатите ќе ги има веќе наредната година. За прв пат распишуваме конкурс. Минатата година затекнавме еден конкурс за сите овие програми на Министерството за култура, сега го завршуваме и најостриот критичар на темата издаваштво на списанијата господинот Даути, ги увиде своите заблуди веројатно погрешниот пристап кој му го сугерираа во тој момент додека беа на расправа измените на Законот за култура , Даути дојде и призна и ни посака успешна соработка, ние тоа го правиме, бидејќи очигледно беше во заблуда од некакви поединци кои сакаа некакви делби. Културарта е тој мост со кој ги добивме сите потврди и за помалку од 9 месеци го одбранивме националниот извештај за разлика од сите експерти кои учествуваа во претходните 4 години не можеа да користат европски фондови од точно тој тип на толкување на културата во Република Македонија.

Тоа се тие работи за кои господине Матоши не можам да лобирам, а бидејќи човекот не мора да ги познава, но морам да му ги кажам тие заблуди треба да ги избегне . Оставете ја културата таа не е предмет на ЕПП. Тоа е делот во кој можеме да говориме . Јас имам големи пријатели и можам да кажам дека сум единствен човек кој во сите овие години во тој воен судир соработуваше со највисоките и најквалитетните кадри и на Албанија и луѓе од албанска заедница во светот видни автори.

Во тој дел, доколку се постави прашање јас ќе влезам и внатре, бидејќи културата не ја третираме кој колку проценти е, но и тие факти ги кажав дека ќе ги ставиме на хартија. Во секој случај во овие 4 години деновиве светлосниот пулт каде работат и албанската и турската драма не работи. Четири години не можело да се инвестира ни денар. Тој пулт е донација од Битолскиот театар пред 10 години. Сега ќе го добијат, но 4 години господата не знаеле дека албанската драма има долгови, дека нема ни едно вработување, дека не играат претставни, дека се мачат со проблеми. Тие решавале некои други проблеми, можеби имале проблеми со военииот конфликт, но тој дел е минусот, јас тоа не сакав да го правам и сега би го избегнал, не би го говорел, но бидејќи бевме “почестени” како прва беше ставена културата на неговата диоптрија, морав да ги кажам овие работи, ќе сакам да ги избегнувам овие теми, јас сум човек кој нема фрустрации и во Парламентот кога бев претседател на Комисијата за култура кажав дека е тоа граѓански концепт и албанската и турската култура во Македонија ги сметам како предност како и на другите етноси. Тоа е делот што нас ќе не легитимира и ќе не брани како Македонија во Европа, меѓутоа, очигледно на некои луѓе заробени во своите

месијански улоги го заборавaат тоа. Жал ми е што пратениците од ДПА се во заблуда или имаат некоја друга улога, тоа не е добро за Македонија, не е добро ни за нивната култура, а за овие работи можат да ги повикаат луѓето еве оваа година “Танец” отиде во Албанија, јас како битолчанец ќе одам на 95 годишнината од албанското писмо во Битола. Ги издаваме книгите на светскиот автор господинот Кадаре, во Филхармонијата ќе има албански автори еве сега во ноември ќе дувнат некои други ветрови. Тоа го гледате, но на нив им е криво и сега ги напаѓаат бранејќи се од сопствената неспособност. Никој нема да ги одбрани од сопствената неспособност. Нема такви бранители. Ако и тие светски автори, како Кадаре доаѓаат тука, тие тоа неможат да го издржат, едноставно заблудите ќе излезат и сите оние луѓе кои ја сакаат Македонија од албанската популација во тие делови на културата има видни членови кои се гордост на македонската култура и затоа отидов во Париз каде господинот Луан Старова имаше едно европско промовирање, секаде ќе одам, ќе ги промовирам и ќе ги стимулирам оние добри и квалитетни програми кои ги имаат тие.

Да не должам, сакав само тие медитации да ги остави за друго место, очигледно го нема јазикот, го нема ни познавањето за таа работа.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на дискусијата на министерот има господинот Ружди Матоши од три минути.

РУЖДИ МАТОШИ:

Незнам дали знае господинот министер што зборуваше досега, тоа е катастрофално.

Велите дека со култура да не се прави политика, ние не правиме политика со културата, туку го сакаме нашиот дел. Овде е вашиот погрешен концепт дека вие го злоупотребувате Охридскиот договор кој е многу значаен за Македонија, а вие продолжувате да го злоупотребувате и лошо да го интепретирате тој договор.

Како што се знае во Буџетот на Република Македонија учествуваа и албанците. Службено се 23% албанци. Албанците плаќаат средства во Буџетот на Република Македонија, не сакаме ништо повеќе од тоа што плаќаме и толку колку што се трошат средства за македонската култура од овој буџет во процентот колку што има албанци да имаме и ние и да ја развиваме нашата култура.

Во Извештајот на Владата не сте рекле ништо за тоа за што досега дискутиравте. Ќе ви кажам некои работи кои сте ги предложиле во националната програма за култура. Тоа се факти кои ве заслепуваат.

Самите македонски театри пола албански, пола турски, македонски балет, македонска опера, галерии, музеи, македонски филмови од кои што ниеден не е албански, или во населбите населени со албанци. Само инвестиции во манифестации како “Кирилски денови” на Кирил и Методиј, Струшките вечери на поезијата, новите театри, Младински отворен театар во Прилеп, уметничките колонии и други. Се гледа дека имаме една сиромаштија во културните манифестации на албанците. Затоа нема ниедна намера, значи Демократската партија на албанците, единствената намера е да го добие својот дел тоа значи што му припаѓа. Вие сте измамени и сте не измамиле и продолжувате да мамите со фразологија од 50-тите години до деновите на плурализмот и продолжувате да ја наследувате во континуираност и во плурализмот оваа измена.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор ќе даде Благоја Стефановски:

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

На господинот Матоши му фали едуцираност, малку да помине некои курсеви и нека види кои се проектите на Советот на Европа, на културната разноликост која што е тема, националниот извештај дел од тоа е, значи културната разноликост како треба да се прави и културите во Македонија, мулти културата како треба да се развиваат. Значи, од тој дел ќе го ставиме да се едуцира.

Вториот дел исто така е во заблуда, затоа што погрешно ги чита работите. На пример Фестивалот Чернодрински каде што учествуваше и Албанската драма и Турската, победник е Турската претстава оваа година. Или делот на Охридско лето, победничка е Албанската претстава “Татко”, каде што играат актери и од Македонија албански, од албанска популација кога говорам, од Албанија и од Косово. Две такви работи, тоа е делот на мулти културата. Во “Татко” режисер е македонец. Тие се заложбите на Европа, тоа е делот како културата ќе ги реши проблемите на конфликтот, ако иницирал некаков културен конфликт ако имало, како пост ќе се води и за кој што јас настапив како експерт во Советот на Европа и сум поканет и во Линц, бев за тоа во Стразбург за културен конфликт, значи пост ова што се случуваше во Македонија и Македонија ги има тие искуства и на мулти културата и за тоа говорев. Кога тоа ќе го созрее и кога ќе го разбере Матоши, ќе можеме да разговараме.

А околу овие другите теми, таа матрица им припаѓа нив, не ми припаѓа мене. Уште 80-тите години како човек јас го правев проектот за Стокхолм, културна престолнина, Баханали во кој што учествуваа, значи и финансиран од Европа, во кој што учествуваа двајца актери албанци, двајца турци, двајца роми, двајца македонци, режисерот беше хрват, авторот македонец. Значи, не е добро, избегнете ги тие заблуди, тоа во вашето изборно тело ви носи само минуси. Не знаете господине Матоши, можете да го погледате филмот кој што се одржува во Универзалната сала, може за тоа сте покомпетентни, меѓутоа и тоа погрешно ќе го прочитате. Тоа е правено токму за тоа по 11септември кога се случи тоа во САД. Погледајте го тоа во Универзална сала и после ќе говориме. Не знаете да ги читате новите работи. И затоа, 4-5 години Македонија не можеше да дојде до европски средства за културата. Тоа се вашите заблуди. На 560 страни од сите аспекти сите ги испишувавте своите кој треба и како да доминираат и процентите ги кажувавте. Нема напред така, ве убедувам. Не мора јас да бидам министер, обидете се, допишете се, напишете се, видете ги вашите експерти, луѓето низ светот што имате експерти, албанци. Да ви ги покажам и актерите и авторите, ви кажав еден голем актер светски кој деновиве ќе биде во Македонија, поразговарајте и со г. Исмаил Кадаре, ќе ви каже за вашите заблуди. Многу ми е непријатно што јас вака разговарам. Јас не го сакам тој речник. Јас тргам црта и одам понатаму, не сакам во животот да се занимавам со тоа. Меѓутоа, вие ме провоцирате и морам да ви кажам. Инаку, ќе лебди и вие ќе се вратите како херој, не знам од кое место доаѓате, од Тетово, или Гостивар. Заблуда чиста.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Матоши, сега има реплика на вашето излагање господин Невзат Бејта. Процедурално да ве потсетам, вие имавте дискусија. Господинот министер има право на дискусија секогаш кога ќе се јави и тој и било кој министер. Додека вие имавте право на реплика на дискусијата на господин Стефановски од 3 минути. Три минути г. Матоши дискутиравте.

А сега господин Невзат Бејта има реплика на вашата дискусија.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам сите. Ние треба да разјасниме многу работи кои ги бунат луѓето и тие не ги познаваат работите, не ги гледаат работите како што треба. Реплика на г. Матоши кој што спомена некои работи кои што поминале во периодот

кога ние го добивме мандатот од народот и донесуваме закони во име на народот и носиме одговорност.

Да почнам од Законот за патните исправи, ние го изгласавме и тој закон го изгласавме свесно и носиме одговорност, и ако имаше нешто за измена и дополнувања и ако има, ние тоа ќе го направиме како коалиција ДУИ СДСМ.

Што се однесува на официјализирањето на Тетовскиот универзитет, г. Матоши рече дека тоа е лажно. Јас ќе спомнам нешто филозофско: добрите дела не го прават човекот човек, туку добриот човек ги прави добрите дела. Значи, пред да направиш добро дело треба да бидеш човек, ако не си човек, а си направил добро дело, тоа не важи. И што и да речете вие како пратеници на ДПА, народот не ви верува. Народот му веруваше на ДУИ, затоа што има луѓе кои што се луѓе и работат за интересите на граѓаните. Лажно официјализирање, тоа не го прифаќа ни логиката. Девет години разните политички партии манипулираа со нашиот народ кој што страда, дека ќе направиме официјализирање. Тоа за 9 години не го направија. Тие го измамија и излажаа народот, а ние во нашата предизборна кампања не му ветивме на народот дека ќе направиме официјализирање, меѓутоа, еве првата фаза помина, Нацрт законот помина во Владата и сега ќе дојде во Парламентот и ќе се направи официјализирање на Тетовскиот универзитет со пет факултети, г. Матоши. Ако не сте знаеле, ќе ви кажам дека Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје основан е во 1946 година и почнал со три факултети. Знаете колку има, меѓутоа ќе ги кажеме работите подобро кога ќе дојде законот за официјализирање на Тетовскиот универзитет во Парламентот. Со Нацрт законот не се израдува само албанското населени, не само студентите од универзитетот, туку и два главни центри раководечки албански Приштина и Тирана и сите албанци во дијаспората каде и да беа се израдуваа. Дали се посигурни граѓаните? Нешто треба да знаеш, Матоши дека нашите граѓани станаа сигурни од 15 септември кога народот и даде крај на вашата коалиција ВМРО и ДПА, затоа што народот се наежи од оваа Влада. Додека во минатиот период, сега ние сме постигнале толку колку што сме постигнале, народот има спокој, има сигурност, сме ја прекинале корупцијата, сме ги затвориле ноќните клубови каде што се вршеа нечовечки дејства.

Што се однесува на растопувањето на ПДП во ДУИ, тоа е многу нормално затоа што ја гледаат иднината во оваа партија и утре и многу ваши членови кои што почнаа веќе да доаѓаат се добродојдени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата господин Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Многу брзо ќе се обидам за една минута право да му удрам. Тетовски универзитет, ние сакаме програми, професори, кои се деканите, како ќе се потрошат парите. Досега устата ви е затворена, не знаеме ништо. Затоа сметаме дека е лажно. Безбедноста, криминални банди се шетаат секаде, ги инкасираат луѓето, убиства, имаме разни убиства итн. 365 дена поминаа, вие бевте на власт, ние бараме да имаме просперитет во овој дел ПДП, ДУИ, ДУИ повеќе нема, јас тоа ви го гарантирам со сé. Имаме ПДП, ваша од глава до петици комплетно. Ова го имам видено порано, го имам видено и од дискутирања на Исмет Рамадани и една од дискусии на најдобри пратеници на СДСМ, но и од претседателот на партијата за Демократски просперитет. Тој на последната средба со премиерот од тој ден до денес тој ја затворил устата, бидејќи е послушен. Ние стоиме зад тоа за да имаме албанска пуританска партија да ги артикулира албанските интереси, а вие заедно со нив сте оној дел на механизмот на албанските претставници најслабо во историјата на албанската политичка сцена.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Абдулаќим Адеми реплика на дискусијата на Ружди Матоши.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Јас не знам колку заслужува да се посвети внимание на оваа дискусија, меѓутоа ќе кажам два збора. Толку ги мешате тезите што никој не може да ве разбере. Кога ние на дневен ред имавме закон за служба во армија, вие дискутиравте за демократска контрола над вооружените сили, кога на дневен ред имавме закон за тутунот, вие дискутиравте за есенските сеидби. И денес толку сте ги помешале тезите што верувам дека никој не ве разбра. Меѓутоа, не сте вие виновни, јас знам кој е виновникот. Виновник е тој што ви го потготвил рефератот.

РУЖДИ МАТОШИ:

Рефератите сам ги подготвувам, колку за ваше запознавање тезите никогаш не се измешани, туку тој што го боли, го боли секогаш. Но, можам да констатирам дека ДПА е на чело на феномените и ќе продолжиме да бидеме на чело на феномените кои што се обидуваат да навлезат во албанското друштво,

општество и стопувањето на ПДП во ДУИ како што беа тие послушни во текот на изминатите 8 години. Ние констатиравме дека ова треба да биде транспарентно за народот и да се знае кој за што е, бидејќи историјата ќе пишува, ќе ја знае улогата на секој кој што направил, што сработил и еден ден ние мораме да дадеме одговор пред историјата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Уште еднаш ве потсетувам колеги, јас ве молам да се држиме до точката на дневен ред затоа што навистина овде не е точка на дневен ред меѓу партиските односи или внатрешно партиските односи, точка на дневен ред е избор на членови на Владата на Република Македонија.

Процедурално бара збор Жарко Караџоски, пред да му дадеме збор на следниот дискутант.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке,

Добро е што ги потсетивте колегите што е точка на дневен ред. Инаку, истото мислев јас тоа вас да ви го упатам, значи што е точка на дневен ред. Кога веќе е точка на дневен ред таа што ја кажавте редно е освен министерот за култура кој што го гледам присутен, да имаме и членови на Владата и да не биде овој ред напред празен, а пратениците поместени од СДСМ за една редица назад, веројатно тоа стои за новите предложени кандидати. И редно е и тие да седат и да слушаат како што и претставниците на Владата за да не испадне дека оваа точка ја предлага некоја пратеничка група, особено не ВМРО ДПМНЕ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, колеги пратеници,

Еве почнувам со тоа што без разлика што господинот Црвенковски планира да напише, реконструира и со каква леснотија сето тоа ни го кажува, се покажа и се покажува нешто што и во претходните 13 години се знаеше, а тоа е дека едно може да кажува и зборува, но треба да се прати што тој прави. А тоа е во 99% случаи спротивно од она што го кажува. Затоа и сега кога во голем дел од

Извештајот ќе читаме и слушаме дека се решаваат проблемите од високата политика и тоа НАТО, ЕУ, Евро интеграции, а од друга страна знаејќи ги агендите на овие организации знаеме дека во НАТО пред 2008 година немаме апсолутно никакви шанси, за агендата за прием во ЕУ и 2013 не нема, сега сме 2003 и говориме за 2003 година, за жал. Мислам дека времето помина за премиерот да се насочи кон решавање на просто смртните проблеми на обичниот граѓанин, а тоа е вработувањето и неговото ветување за 150, 200 илјади нови вработувања, за вработување на по еден член од секое семејство, или во негов стил, бркање на по еден хранител од секое семејство и оставање на милост и немилост на цели семејства. Бројот на невработените ја достигна фамозната бројка од 400 илјади невработени, 100 илјади повеќе невработени од вработени. 30% од нашето сиромашно население веќе се бори со сиромаштијата за кое тој толку многу водеше грижа и на кој им го вети мотото: еден е изборот, еден е животот, што во себе содржи многу нехристијански работи. Дали беше случајно избрано да се заврши со овие луѓе и нивната надеж. Што е нехристијанско? Ние сите заедно сме спремни како христијани и секој што верува во Бога да излеземе пред судот на Господа и да го живееме задгробниот живот. Со ова еден е животот, еден е изборот, никој од нас нема никаква одговорност, а сигурно дека и премиерот ја нема, бидејќи толку лесно ни ги кажа сите овие работи. Во што се не убедуваше пред изборите, дека сите вработувања биле партиски. А сега сите откази се поради технолошки причини, а новите примања се неопходни стручњаци што уште по првиот ден на работа добиваат специјализации, дека е лага тоа што претходната Влада го плаќала во земјоделието, па сега селаните станаа персона нон грата во оваа држава, ништо не им се исплаќа ни тутунот ни грозјето ни пченицата, ни млекото, ни шеќерната репка, ни зеленчукот. И оние што во цела ЕУ лагодно живеат, кај нас стануваат луѓе кои за кратко време ќе побаруваат социјална помош. Дека покачувањата на платите во јавната администрација биле нешто невидено, дека небркањето на работа во претходните 4 години дека исто не било вистина, дека денационализацијата, враќањето на имотот, дека сето тоа било фатаморгана. А со Социјал демократскиот сојуз ќе прогледаат и народот веќе прогледа. Но, сега е во заблуда.

Пред изборите во Битола се убедуваа граѓаните дека фискални каси нема да има, цела чаршија се затвори и штрајкуваше против истите. Но, види чудо, после изборите тие што го поведоа штрајкот први воведоа фискални каси а другите немилосрдно се казнуваа и понатаму.

Се ветуваше дека сертификатите од ТАТ биле последната лага на претходното раководство, дека тие ќе се претворат во обврзници, но повторно чудо. На преговорите со ММФ, господинот, тогашен министер Гошев кој од вчера е разрешен, воопшто не проговори за овие сертификати и обврзници, а новиот закон што како пратеници го имаме, предложен од група пратеници од СДСМ, повторно наидува на неодобрување од ММФ и мислам дека нема да дојде во ситуација ниту да се прифати.

И самите, во вашите искажувања кажувате дека најмала е разочараноста кај луѓето што не гласаа за вас, затоа што го познаваат од порано. Кога се видоа истите кадровски решенија, се беше пресликано како едно многу лошо време од вашето владеење. Поголема е разочараноста кај оние 500 илјади ваши гласачи, избирачи кои ви дадоа доверба, а најголема е разочараноста кај членовите на СДСМ, кај оние 110 илјади ваши членови, а вчера видов аплауз и задоволство, од експозето, точно од нивните претставници во Парламентот, што за мене не коинцидира со реалноста.

За кого и што говориме и кој е предлагачот на овие промени и се што значи политика на СДСМ?

Ако се вратиме малку поназад и ветувањата кои  што им ги давал на македонската јавност, многу пати и тука, за некои пишувања и по локалните медиуми и медиумите во РМ за што и јавно говорел од оваа јавна говорница, за некаква одговорност, мислам дека тој апсолутно ја нема личната одговорност и одговорноста која ја има и пред партијата и пред македонскиот народ, почнувајќи со името, со знамето, со патниот првец Бабуна што многу помпезно го најави, останаа 4-5 столбови кои и денес се гледаат, дека октоподот ќе биде фатен, ни СДСМ, ни свети СДСМ нема да го задржи да го направи тоа, но еве, не го фати, сеуште си е премиер, мува не го лази. Истото им го вети на луѓето во Лозар и веќе за утре се најавува интервенција на господата од МВР. Вети дека  ако тој дојде за премиер, Бунарџик апсолутно никој пат нема да проработи, а вчера не убедува дека најголемата инвестиција ќе биде точно во наредната година, дека Владата ќе гледа Бунарџик повторно да го вклучи да работи. Исто така демонстрациите пред Американската амбасада против НАТО, па сега сме за НАТО, први, втори и незнам што се. Сето тоа е таа флоскула што тој  го кажува цело ова време и ние треба да му веруваме.. Но би кажал за овие изминати 12 месеци кои поминаа без никакви реформски зафати, поминати во гаснење на дневно политички пожари, наместо да се впрегнат постоечките, ако ги има, потенцијали во реализирање на дел од тие големи предизборни ветувања.

Една година по преземање на власта Црвенковски не може да се пофали ниту со безбедносната состојба, а во чие име свесно ризикуваше пад на сопствениот реитинг, калицирајки со поранешнит екоманданти на ОНА, што пред изборите го убедуваше народот дека не е така и никогаш нема да ја дели власта со нив.

Оваа власт дава некои скромни резултати кои се далеку од очекувањата. По изборите власта и граѓаните на РМ имаа голем степен на ентузијазам. Но, тој ентузијазам не може да се храни со половични резултати и со статус кво ситуации. Парламентот носи закони, но резултати во пракса не се тоа што се очекува. Ова е ваша оценка, за вашата работа господа.

Она што се кажува и фали најповеќе е бзбедносната состојба, но да видиме што е со неа. Добро е што во меувреме пристигна и господинот Хари Костов, имавме една седница на која се разговараше цели два дена, за она што е најголемата добивка. Не очекува дека ова ќе биде најголемата добивка во оваа година, дека ситуацијата е мирна, стабилна и дека сега можеме слободно да се препуштиме на економијата.

Што кажувате во вашиот извештај?

Како Министерство за внатрешни работи, наследивте секојдневни штрајкови, протести, собирања, блокади на патишта, напади на полициски сили и убиства. Во северозападните региони криза. Кој ги правеше тие штрајкови, протести и блокади на патиштата, можеби подобро знаете од мене, ќе кажете некогаш во друго време. И вие кажувате сега дека од сето ова што го работите, неколку, да речам перфоманси на вашето работење се тие кои треба да ги одделиме. Тоа се:

Прво, акцијата - доброволно предавање на оружјето. Таа почна некаде во март месец и сега е во фаза на реализација. Но како што се одвива, гледаме дека наградната игра е многу поинтересна отколку она што ќе го видиме како вратено оружје. Сите овие пари, ако се купеше оружје или ако им се платеше оружјето на луѓето мислам дека многу повеќе ќе се собереше. Но тоа е тоа.

Запишано е дека имате програмски активности за намалување на девијантното, криминално однесување на малолетниците. Од друга страна се случува нешто друго, пљачки, убиства, тепачки, наркоманија, алкохол и многу други работи кои не ги очекувавме да ги видиме, бидејќи кажувате дека ситуацијата со безбедноста е доста добра.

Од 1.11.2002 година спроведовте активности за нормализирање на состојбите во поранешните кризни подрачја:

1. Контрола на патните правци во овие подрачја. Но што се случува во стварноста. Секојдневни напади и разбојништва на овие патни правци кои се контролираат само дење. Затворање на патниот правец Тетово-Гостивар, заради пукање, кражби, разбојништва, авто трки и многу други лудории на населението.

2. Континуирано, контакти со месното население и локалните власти. Тоа се случува секогаш. Но со големи молби од вас, од страна на министерот кон локалните старешини, дали да бие пропуштен, молбите да се оди во Вејце, на Карпалак. Но, види чудо.Сите венци за бранителите, уште вечерта беа спалени, а никакво известување од МВР не добивме. Во исто време се подигаат споменици на борците од ОНА, се одбележуваат годишнини и се тоа со знаење и одобрување од вас господа.

Разоружана беше полициската станица во Арачиново, но не се примени сила да се одбрани честа и достоинството на униформата која ја носат, а како одговор на ова се создаде селска полиција која сега ги брани селаните, а градоначалникот на Арачиново пред сите вас кажува дека знае се и има докази за палењето на македонските куќи во селото, но никој ниту го приведува, ниту бара изјава за тоа што тој го знае.

3. Дефинирани се потребите за смирување на тензиите. Јас незнам и не сум прочитал никаде кои се тие потреби после кои ситуацијата ќе се смири и нема да има тензии. Мислам дека одговорот од министерот ќе го добијам.

Наведувате посебни активности:

1. Откривање и спречување на зачестеното дејствување на помали вооружени групи.

Што вие министре зборувавте пред нас? Ова е видено, дека има некои мали проблеми. Прво беше зборувано дека АНА била некоја виртуелна измислена организација на интернет, потоа полека стануваа неколку криминалци и на крајот организација за рушење на уставниот ред и поредок.

Никаде во извештајот, освен на почетокот не видов колку е тоа сигурна Република Македонија која сите институции на државата, Владата, Судството, Армијата и Парламентот, беа нападнати со огнено оружје, а вие зборувате за една многу релаксирана состојба. Тоа господине министре не се случи ни за време на војната во 2001 година.

Се случија напади во Куманово, во Скопје, што за среќа нема толкав број на жртви колку што предвидувал тој што ги поставил овие мини. И тоа за вас министре

е порелевантно слегување, ирелевантно слегувањето од планини и појава на градски тероризам. Тоа не го спомнувате никаде.

Јавно се говореше за проблемите по ситуацијата во Брест која беше конфузна со различни соопштенија од вашето Министерство, не е фатен никој во акцијата. На вашите заменици им дадовте рок од 30 дена да ги уапсат господата команданти, Бреза и Чакала, но ниту се тие уапсени, ниту некој си зема одговорност за неуспехот, а ваше е да кажете дека кога тогаш тие ќе ги фатите.

Дали побаравте одговорност од вашите заменици затоа што очигледно не си ја завршија работата?

И уште едно прашање во оваа сфера.

Дали е точно дека последниот месец се киднапирани двајца амбасадори во РМ, но за истото не е известена јавноста, а ова го зборува вашиот коалиционен партнер Алија Ахмети.

Забележувате во вашиот извештај дека е притворен макро од Велешта и дека има три кривични пријави против него. Но, заборавивте да кажете дека тој истиот е притворен  поставен е експлозив во струшкиот Суд, дека истиот избега од притворот и со помош на полиција од друга држава ви е донесен врзан во хеликоптер, а вие после правите парада како да е фатен, а не донесен Алкапоне. Но ќе видиме како ќе се одвива понатаму работата. Гледам дека повторно трговијата со бело робје функционира беспрекорно. Изгледа тие луѓе не гледаат телевизија, па не знаат дека главниот макро е во затвор. Еве почнува судење во Битола за работи кои се случувале од декември 2002 до март 2003 година. Уште колку главни макроа има во Македонија?

Кажувате дека се извршени само 65 убиства,  а тоа е најголем процент во Европа, по бројот на население. Но, не било страшно. Не се меѓунационални убиства., иако со зољи на сред бел ден се пука во објекти во кои има случајни, невини граѓани, а тоа за вас не е некој поголем проблем, само е пресметка меѓу криминалните банди и тоа е во ред. Тоа што се случи среде Скопје, тоа е веќе нешто друго.

Не пишувате ништо за интервенциите при рушење на бесправно подигнати објекти. Еднаш за истото, т.е. за злоупотреба на службената должност,  не убедувавте, за пред Собранието на РМ, кога имаше демонстрации од страна на вработените на ЕСМ дека демонстрантите биле тие кои биле криви. Истото е со претепувањето на ромите во Штип, кои исто така биле криви, младинците во Свети Николе, последните случувања во Шуто Оризари, кога ги покажувате само

искрешените возила од МВР, а другото, кој како е повреден, тоа е нешто друго. Но, никаде не ја спомнувате блокадата на единицата лавови, кога едни против други со оружје во рака, застанаа до вчерашните бранители на уставниот ред и поредок. Дали толку заслужија тие луѓе кои застанаа на браникот на татковината, да ве заштитат вас и сите други граѓани на РМ, тие сега од вас да бидат прогласени за лошите момци, криминалци, да се сомневате во се и сешто, да кажувате невистини, а вашиот заменик јавно кажува дека се раздолжил со топ. Со топ господа министре, а сега менталниот склоп му е променет и без оружје се чувствува побезбеден, т.е. со топот имал лажна сигурност. Господа, кој ја води оваа држава и каде? Да размислиме додека е време за да не биде касно за се, после многу мал временски период.

Еве колку е поправена безбедноста во Република Македонија што без Конкордија ни министерот не може да стигне во некои подрачја, а истите сили се корстеа за наплата од ЕСМ, за да можат да ја наплатат струјата,

Во безбедноста, мислам тука беше и господинот Бучковски, не го гледам, но без разлика.

Армијата на Република Македонија во неколку напади беше дирекно нападната, 20% од територијата не се контролира, на 17.06.2003 година животот го згубија двајца војници на АРМ, на 1.08.2003 година беше ракетиран контејнер, сопственост на Владата на РМ. Исто така на 30 август беше извршена мобилизација на локалното население во кумановско-липковскиот крај. Истиот ден селата Ваксинце и Лојане беа евакуирани, но сторителите сеуште не се откриени до ден денес.

Министерот во својот извештај кажува дека сите права биле запоставени и затоа сега со новите закони и новите видувања и работа во Министерството за одбрана дека тој стигнал, дека може да ги избрка вработените и покрај непотполнетоста на Министерството за одбрана. Се брише теренскиот додаток кај воздухопловните сили, не им се дава додатен оброк и плаќање на прекувремената работа и сето тоа го подига, како што кажува министерот, моралот на нашата Армија, така што е можеме многу повеќе понатаму да очекуваме од Армијата.

Законот за амнестија.

Тука се спомнува дека се амнестирани 213 лица и уште 12 илјади луѓе кои се амнестирани од резервниот состав, а од нив само 2000 луѓе биле пријавени. 12 илјади предвидува господинот Бучковски да изнесува нашата Армија, современа

Армија, за времето кога ќе бидеме примени во НАТО пактот, а имаме 12 илјади луѓе кои одбиле да бидат во резервниот состав и да ја бранат Република Македонија. Тоа е еден голем проблем.

Се зборува за оутуѓување на имотот. Тука мислам процентуалната застапеност воопшто не беше зафатена и се зборуваше, наместо за 20, за 200 или за нешто повеќе проценти. Уништени се 37 илјади противпешадиски мини кои беа на територијата на РМ. Се зборува за оутуѓување на имотот. Еве почна многу неславно со Домот на Армијата во Велес.

Кажувате за јавност во набавките, но сепак се случи труење во Штип и во Битола и реакцијата е малку поразлична. Во Битола се сменува командантот на касарната. Во Штип се сменува оној што ги набавувал еклерите. Можеби во Битола, што било месо, требало да оди командантот.

Во оазата на мирот, војниците кои поминуваат курсеви за обука на странски јазици, спремни да го бранат светскиот поредок, било каде на земјината топка, но во нашата држава за да стигнат на одредени места ќе треба да ги прашаат племенските старешини за дозвола.

Она што го кажувате понатаму за продажбата на тенковите Т-55, авионите СУ-24 и хеликоптерите се поради тоа што Армијата ќе се опремела со стари хеликоптери кои сигурно ќе бидат многу поевтини за одржување и воевата способност ќе биде многу поголема, а се заборава, што министерот можеше да го види многу скоро дека со една ракета земја-воздух се уништува еден хеликоптер, а тоа е 25% од целата наша боева спремност. Затоа таа ракета можеби чини 1000 евра а ова другото што ќе го правиме, незнам колку е паметно, сето тоа да го ставиме.

Значи во овие две министерства што премиерот така гордо кажа дека сме направиле најповеќе, тоа е МВР и Министерството за одбрана и дека сега можеме слободно да се свртиме и да почнеме да работиме на економијата.

Што се направи со економијата во овие 12 месеци?

Донесовте закони со кои се продадени, или поточно распродадени големите претпријатија. Но, види чудо, без работници и без инвестиции. Само фабриките со машините. И повторно ни се повторува 1994-1998 година, со голем број нови стечајни работници кои ќе го оптоварат Министерството за труд и социјална политика.

Во контекс на овие економски текови беа и сите искажани предупредувања и нескриена скепца против таканаречениот Бранков закон за нови вработувања.

Црвенковски лично влијаеше и се вклучи во преговорите со ММФ за да издејствува прифаќање на мерки од социјална сфера, за да се ублажи проблемот со невработеноста. Но заради тоа што не покажа апсолутно никакви ефекти, ќе биде укинат до Нова Година, но без никакви најави дали истовремено ќе биде вратена повластената стапка на ДДВ, што сега самиот премиер кажа дека било неоправдано жртвувано. Токму поради дел и од овие диктати направија Гошев повеќе да не е министер, но сега ќе знае едно, што го зборуваше 1994-1996 година, еднаш апаш, стално апаш и тоа не се пенува. Но касно го научи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам да не употребуваме навредливи зборови. Ве молам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ние бевме навредени десет пати, принципиелно.

Јас цитирам Гошев како го кажа сето ова.

Се плашам, ако рестриктивната макро-економска политика продолжи следната и наредната година таа повеќе ќе притиска негативно отколку позитивно. Сите кои се занимаваат со приватен бизнис забележуваат дека многу штедливо се однесуваме кон средствата и кога не треба. На пример во последниот ребаланс ние утврдивме дека имаме нколку милијарди денари во Буџетот, но неможеме да ги потрошиме. Проектите стојат и неможат да се реализираат. Тоа е мислење од Владата.

Кои се проектите?

Во извештајот се гледа по проектите дека има околу 300 милиони долари и 102,6 милиони евра. Значи вкупно по овие проекти во Македонија треба да има 425 милиони долари, по она што го добивме како извештај од Владата. Значи ова Министерство за финансии функционира океј.

Премиерот говори дека на овие два постулати ќе ја гради понатамошната политика затоа што и тие се најдобрите. Но еве за жал на неговите министри, ги промени двајцата. Сега дали се постулатите во ред, дали министрите не се во ред, или премиерот го нема прочитано ова, треба да ни објасни.

Индустриското производство во првите девет месеци се зголеми за 7,3%, како резултат на експанзијата на нафтената индустрија која бележи пораст од 72% и производството на базни метали што бележи пораст од 71%. Значи целиот раст во индустријата, а и на бруто доходот го носат ОКТА, ФЕНИ, Југохром и Макстил.

Првите три компании, како најголеми загубари беа приватизирани од Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Без овие компании останатата индустрија оставари пад од 10%.

Политиката на ниска и стабилна инфалција продолжи во 2003 година. Така, просечната стапка на инфлација во првите 9 месеци од 2003 година изнесува 0,9%. Ниската инфлација е резултат на одржување на стабилноста на девизниот курс, водење на дисциплина на буџетска политика и ниска цена на прехранбените производи.

Во првите 9 месеци цените на мало се зголемија за 2,4%, а цените на приоизводителите на индустриски производи останаа речиси не променети.

Во однос на економските критериуми, можеме да го кажеме следното: пазарната економија кај нас воопшто не функционира. Доказ за тоа е што од самото доаѓање, прв проект со кој што се зафати Владата беше упадот во приватните компании, преку сталинистичките методи за преземање на овие фирми, злоупотребувајќи дел од таканаречениот Синдикат, чиј основен мотив беше дека последниот месец не им е исплатен придонес.

Владата, со својата политика на штедење не ги стимулира домашните компании да инвестираат во проширување на својот бизнис. Напротив, факт е дека се уништува пазарот. За странските ивнестиции, тоа е посебна приказна.

Зошто? Направена е Агенција за привлекување дирекни странски инвестиции. Но, самата Влада кажува дека после извршената приватизација, дека странските дирекни инвестиции паѓаат, како што се случи во сите држави во транзиција. И, ако ние сме имале само 16 милиони долари инвестиции, тешко на државата, што уште ќе очекува пад на овие инвестиции.

Имавме формирање на Агенција за приватизација, која што произлегува од програмата на Владата, а во која што се објаснуваат проблемите и начинот на кој што странските дирекни инвестиции се привлекуваат во Југоисточна Европа. Ќе видиме дека ние и премногу доцниме за да се вклучиме во една рамноправна акција, заедно со останатите држави од регионот. Така што тој интерес кон нашата држава се намалува.

Мојата дилема е, зошто, кога во Макеоднија се вршеше приватизацијата, периодот 1993-1997 година воопшто не е привлечен странски капитал, а и тој што влезе им се дадени одлични инвестиции за мали пари. Така да, во тој период, кога македонското стопанство е продадено 85%, добиени се само 51 милион долари, а останатите 15% од стопанството што се даде од 1999 до 2002 година привлече и донесе во Република Македонија околу 730 милиони долари. И, со тоа што се

приватизира, веќе утре Владата ќе прави ребаланс на Буџетот од добивките ќе инвестира во поправки на амбасади , ќе ја опремува Владата и агенциите и ќе враќа кредити и она што се прогласува за нешто што најдобро и се случило на Република Македонија , оваа Влада правото ќе го бара по судови. И, тоа за оние најголеми инвестиции. Но, забораваме дека судовите, посебно со странските партнери, не се само овие во Скопје, туку и други меѓународни судови врз кои не може лесно да се изврши притисок.

Значи, кога во Макеоднија можевме да ги привлечеме странските дирекни инвестиции т.е. во процесот на приватизација, оваа иста Влада правеше се да ги оддалечи од  Република Македонија  . А сега, еве кога Агенцијата за приватизација ја завршува својата работа до март 2004 година, кога не остана ништо интересно за инвестирање, ние , т.е. вие ја формирате оваа Агенција што незнам што би работела. И сега, кога се е приватизирано, Владата ќе бара инвестиции , во што и како?

Ова истото го потврдува Владата со своето мислење дека во услови кога процесот на приватизација е во завршна фаза , се затвора една од најпогодните опции за прилив и инвестиции. Токму поради ова е потребно да се зголеми продуктивноста ,  конкурентноста и атрактивноста на нашата земја.

Глобално гледајки, странските дирекни инвестиции во цел свет се намалуваат. И тоа драстично. Но, тоа, за одредени земји не важи и тоа посебно во Централна и Источна Европа, каде во последната година се инвестирани 29 милијарди долари. Ние, со се она што можеме да понудиме имаме голем проблем. Почнувајки од нашата безбедносна ситуација, крајот на приватизацијата, застарена технологија, мал доход по жител, мал домашен пазар за кој денеска сеуште жалиме за пазарот од Бивша Југославија што ја нема како држава, а ние и по 12 години немаме освоено други пазари.

Небезбедноста, и во однос на инвестициите, она што му се случува на странскиот капитал и на приватниот капитал, каде што самоорганизираните синдикати, преку свои незадоволни газди кои некогаш ги пропаднале тие фирми, повторно сакаат да се вратат во истото. Значи, тоа е она што го очекуваме, а очекуваме дека и нашите господа од дијаспората ќе помогнат со тоа што ќе се вклучат во овие странски дирекни инвестиции. Но, забораваме дека тие господа неколкупати сме ги излажале и прелажале и многу добро знаат што и како, нивните старите девизни заштеди, времето кога и каде работеле, по сите странски рудници, како ги заработиле тие пари и како биле украдени и првиот и вторито пат со

Штедилницата ТАТ, Значи, тоа е тоа што треба да очекуваме, а мислам дека многу малку ќе добиеме од сето она што го очекуваме од нашата дијаспора, затоа што и не заслуживме.

Ќе може ли Црвенковски, со име и презиме да ни посочи барем еден од 300-те меѓународно признати експерти за кои тврдеше дека ќе ја прават програмата на СДС за економијата, што ќе овозможи замаец на македонската економија? За жал, такво тешко ќе најдеме во државата. Во изминатата година нема никаква инвестициона активност. Странците веќе не заобиколуваат и се повеќе се решаваат да инвестираат во поствоена Србија и Црна Гора, отколку во некогашната оаза на мирот и примерот на соживот и мултиетнички модел, 8 години нарекува "бивш".

Еве, вчера слушнав она што пратениците од позицијата го негираа на минатата седница, а тоа е дека Електростопанство на Македонија се продава на Европската инвестициона банка , и тоа со кредит од 45 милиони евра, како што кажувате за "Матка-2", за жал, уште едно големо разочарување. Истото како "Козјак" кој од 80 милиони се направи 200 милиони долари, а да ги врати парите се потребни 50 години. Ако и понатаму правиме водостопански објекти на товар на Електростопанство на Македонија нема никаде да се стаса, ниту ќе стасаме да го продадеме Електростопанство на Македонија. Кредитите што ги зема Електростопанство на Македонија, а еве слушам дека уште 100 милиони се предвидени за гасна термоелектрана, таа гасна термоелектрана треба да се гради и требаше да се изгради веќе до сега. Но, истите тие луѓе кои ги правеја проблемите, сеуште се наоѓаат во тие одбори кои што сега тврдат дека ќе се прави тендер, па ќе биде струјата по некоја цена за која што сигурно и премиерот ниту бил известен, ниту знае како ќе се одвиваат понатаму работите. Но, што викаме, да сем живи и здрави, па ќе видиме дека до 2005 ќе имаме едн голем енергетски објект со јачина од некаде 190 мега вати. Само да не биде и тогаш, поради некој сарс или незнам која болест ќе се појави тогаш, ќе се одложи и ќе се пролонгира изградбата и функционирањето на тој објект.

Но, еве, факт е дека Електростопанство на Македонија почна да се продава и покрај сите жестоки критики што претходната власт и нивното верување и ветување на СДС дека Електростопанство на Македонија никогаш нема да се продаде, дека тоа е златна кокошка за Република Македонија , но тие мислења многу бргу се променети. Веќе до 2006 година ќе треба истото да се продаде , сега ова го кажува СДС, за жал не ја гледам госпоѓата заменик претседател која што потроши многу

време и енергија да го објасни тоа како не треба да се продава Електростопанство, а сега сигурно ќе ни објасни како треба да се продава Електростопанство.

И, аферим, уште еднаш премиерот го задржува цврстиот став. Ако секоја Влада негира се што нарпавиле претходниците, ако секоја приватизација од странски инвеститори заврши на суд, како очекуваат господата што сега се на власт во Република Македонија дека ќе работат со странците? Секогаш има и судови надвор од Република Македонија кои можат и да ве разочараат со своите одлуки.

Имавме известување и гледавме дека Владата на Република Македонија беше заменета со неколку министри. Значи, за менети се само 4 министри, наместо да си даде колективна оставка и да зборуваме денеска за нешто дурго.

Но, еве едно од тие минситерства за кое мислев дека сигурно ќе биде променето, тоа е министерот за образование г-динот Положани.

Би започнал со зборовите на еден од членовите на нвоата Влада во Република Македонија кој својот колега го оценува вака: “Имам забелешки на ресорот образование. Ако овој ресор и понатаму продолжи да се занимава само со бројот на албански паралелеки и прераспоредување, со високото образование само на албанците, со бројот на вработените албанци, тогаш минситерот апсолутно заборавил дека постои образование за дветретини од учениците и студентите кој не се одвива на јазикот на заедниците. Со давање важност само на тие аспекти на неговата политика ќе дојдеме до лоши сознанија за стварноста на образованието. Се плашам дека во некои делови на Владата се води сметка само за вакви прашања”. Ако за свој колега вака мисли еден министер, што треба да мислиме ние кои побаравме интерпелација за овој минситер, кој ќе остане познат во Република Македонија со хаосот, со своеволието и се она што не е во ред од неговото министерство.

Тој не успеа да ги реши случаите со оснвните училишта во Шемшево. Дневниците сеуште не се дојдени. А пак наставниците очекуваат секој ден да не бидат избркани од работа.

Во средните училиша се случува несигурност, почнувајки во Куманово, па “Арсеније Јовков” каде се растурени кабинети да се направат училници, а по 100 деца имаат тренинг во фискултурната сала. Во Битола се одвоија пари за отворање паралелка во која нема ниту доволен број на ученици, ниту професори. Се формира после почетокот на школската година, без никакви анализи. Се повлече Одлуката за

ова формирање на паралелката , но приватно истата продолжува да работи.
А утре, ќе следи сигурно од министерот и признание за работењето на истата.

Што се случува со високото образование, СДСМ ја гарантираше автономијата на универзитетите, а цело време работи против нив. Се поставува прашање зошто Бранко Црвенковски спроведе насилство, тепање и човечки жртви во Мала Речца, а со тоа и национална и верска омраза за денеска сите да не убедувате дека покрај Штуловиот треба да се признае и парауниверзитетот во Тетово кој на најдрзок начин започнува да работи во окупирани згради, со вооружени стражари, а притоа Министерството за внатрешни работи не може да интервенира. За работата на овој универзитет Владата нема да троши средства од Буџетот туку од Министерството за образование и тоа поточно од средствата на овие два универзитети.

Да не говориме за развојот на образовната инфраструктура и дека финансиските ресурси ќе се насочат кон подобрување на условите и компјутеризацијата на образованието. Што со подобрувањето на студентскиот и ученичкиот стандард? Ќе беше зголемен со кредити и стипендии!? Но, за жал, тука се случи обратното. Се намали бројот на корисниците на стипендии и студентски кредити, се зголемија цените на сместувањето и исхрана во ученички и студентски домови за 100%. Тука, како фил и неправилноста и партиската распределба на местата во студентските домови кои после тоа слободно се продаваат на лицитација.

За науката, најлоша од постоењето на Република Македонија , во 2003 година се нема финансирано ниту еден научно-истражувачки проект, а дали ќе се случи тоа за 2004 година, ќе видиме.

За крај, г-дин Црвенковски , се отпуштаат наставници кои по неколку години работеле на определено време, а истите си заменуваат и со партиски војници од владеачките партии.

Што со подарувањето на оценки на учениците етнички албанци на крајто од учебната година?

Оценките од странскиот фактор дека Обединетите нации за многу мала писменост на македонските ученици, се оди на товар на г-динот министер. Студентскиот дом, за кого што кажува дека еве, го земам под владение т.е. Студентскиот дом “Пелагониај” е добиен уште на времето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е претставено како најголем успех на оваа Влада и оној што таа го работи и што го работи досега.

Во самиот Извештај, во делот за образованието, во категориајта "Реализирани проекти", се дадени разубавени слики за успеси во ресорот. Истовремено, во категоријата "Нереализирани проекти и проекти во тек" се негира сето тоа што е ставеново претходната категорија и на тој начин Владата се демантира самата себе.

На крајот останува министерот да објасни за дератизацијата и за Логос А и слободно да си замине од Владата и сите овие проблеми да ги види од еден друг агол.

Во овој Извештај, господо, што го добивме, ај да не кажеме сликовница со многу слики и многу надежи, албум за остварените резултати, многу голем дел зазема госпоѓата министер за надворешни работи и она што се случува во ова министерство е претставено како она што нас не очекува и дека мораме многу скоро да го направиме. Но, да видиме што всушност реално се случува во тоа минситерство

Премиерот кажува дека пред една година апликација за Европската унија не сме можеле да помислиме да поднесеме, но што значи тоа сега? Самите европејци решија да не исшамараат, и да ни кажат дека можеме да поднесуваме апликации за членство во ЕУ кога сакаме и колку сакаме, значи можело и лани, но дека низ Европската пората ќе можеме да влеземе кога ќе бидеме пристојни, а тоа значи да нема 50% невработеност, 100 илјадна социјала, функционирање на системот, почитување на законот и правото и контрола на секоја педа на државната територија. А, тоа го немаме.

Уште едно мислење на еден од нашите министри: "Македонија сега живее со доход по глава на жител од околу 1800 долари. И ако ние годишно се развиваме со 2 до 3% во наредните 10 години ќе стигнеме некаде до 2000 долари по жител. Но Европската унија (за наша жал) сега има просек од над 20 илјади долари. Македонија не може да се справи со невработеноста. Имаме внатрешни безбедносни закани, нерешени меѓуетнички проблеми, никаква апликација во Брисел утре, во ноември или во декември нема да ги реши овие домашни проблеми".

Значи, ние до овој момент немаме избрано стратешки партнер и за НАТО иза ЕУ. Ако некој го повика Данскиот премиер да лобира за Република Македонија , а воедно ја затворате Амбасадата во Данска, сигурно дека тоа не е во ред. Ако некој за затвора Канадската Амбасада, а ние во таа држава имаме можеби најповеќе жители со макеоднско етничко потекло, истото не е во ред. Ако ние чекаме пред

амбасадите на сите држави да добиеме некаква виза, макар и транзитна, тоа не е во ред. Што не преземаме како Влада ништо за достоинството и гордоста на ите луѓе што станаа чекачи, кои коленичат, молат, чекаат со недели да го остварат своето право кое државата треба да им го обезбеди.

Кога ќе ги имаме новите пасоши? Што е со односите со соседите и спорните точки: Кодра Фура, Танушевци, Свети Прохор Пчински? Дали и Манастирот во село Пелинце, како што кажавте, на неколку километри од Прохор Пчински утре не припадне по некоја територијална поделба повторно на некоја општина каде што повторно македонскиот народ не ќе може да се собере и да ги слави своите прослави, мислам дека и Прохор Пчински не беше случајно избран и дека тој беше на македонска територија. Сега, за жал, зборуваме за нешто друго кое што не би сакал да го говорам.

На средбите со нашите од дијаспората мислам дека требаше да ги избришеме од самиот Устав. Со дијаспората многу малку функционираме, затоа што луѓето ги памтат и старата девизна заштеда и ТАТ. Го кажувате успехот за “Злетовица” и кредитот од Јапонија и вам ви е јасно кој го направи сето тоа, а вие само се потпишавте на истиот договор. Има премногу убави зборови на напишани, но видовме во каква организација и како помина посетата во Русија, кога се нуди се и сешто, но луѓето можеби знаат нешто повеќе од тоа што ние им го презентираме и тоа сосема погрешно, па нема да не примат ни на разговори.

Преговорите за името повеќе никој не ги спомнува. Не убедуваат дека се е во ред, кога на договори и во овој Парламент добиваме документи на кои што пишува, од едната страна е тој што го дава кредитот, а на другата со државата која дополнително ќе се договориме, како ќе се вика.

Господа, ние такви договори во овој Парламент не потпишуваме со државата со која накнадно ќе се договориме како ќе се вика. тоа е страшно. На цел глас се кажуваше ако стои Влада на Македонија тоа било уставно име. А во објаснувањето потоа читаме дека тоа не било прифатливо за САД да потпишете нешто под уставно име. Тоа е вистината. Некој тука не кажува она што е право.

Би сакал многу на кратко да ги спомнам и успесите на другите министерства, да не се најде некој погоден.

Министерството за правда со законите што ги носи оваа Влада од вкупните отпуштања мислам дека ќе имаат епилог за избрканите, се руши член 32 од Уставот на Република Македонија став 1 и 2, а тоа е: Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална

обезбеденост за време на привремената невработеност. И два, секому подеднакви услови му е достапно секое работно место. Сето ова не се запазува луѓето од Електростопанство на Македонија се избркани како административци, а според систематизацијата, останувaат празни места. Има луѓе кои работат со договор на дело, а 1.000 луѓе се избркани од работа.

Владата на Република Македонија ја прокламираше борбата против криминалот и корупцијата. Но многу селективно. Само за опозицијата и незнам кои ќе бидат оправдувањата после една до две години овие луѓе што се притвораат, се известуваат средства за информирање до кога и каде ќе бидат притворени, се осудуваат пред време, а и после осудата се јавуваат на Хелсиншки комитет и кажува дека ова се монтирани политички процеси, а вие кажувате дека се што прави оваа Влада е на нивото на борбата против корупцијата.

Побаран е одговор со колку судски налози е влезено во домовите на граѓаните и што криминално е пронајдено кај тие луѓе. Колку луѓе се повикани на информативен разговор без да бидат никаде евидентирани.

И на крајот, за Републичкиот судски совет за кого ќе кажам дека неуставно е рушен, неуставно е конституиран и по која логика е избран сега претседател на Републички судски совет, а изборот не е завршен со уставното право на останатите двајца членови им е одземено да бидат бирани за претседател. Мислам дека ако вака работи Републичкиот судски совет , што да очекуваме од судовите. Судските такси се подигнати енормно, така да голем број граѓани поради цените не можат да поведат судска парница. Една тужба изнесува 60.000 денари, колку и годишната плата на поголем број граѓани.

Ете за жал, во кратки црти тоа е правдата во Република Македонија. Јас би сакал да продолжам со некои министерства, што во почетокот покажаа голема борба, а борбата прв ја започна и мислеше дека ќе издржи во таа борба господинот министер за труд и социјална политика, но гледам дека неговите колеги од останатите министерства му прават само проблеми, со тоа што наместо да го намалат бројот на невработените, тој се зголемува и тие се префрлаат директно во тоа министерство за труд и социјала. Тој се бореше на почетокот со некои погрешни средства, бараше сметки за струјни броила и незнам што, драстично ги намали луѓето кои добиваа социјална помош за некаде 20.000 луѓе, бројот на корисниците на паричен надоместок се намали за 2.700 луѓе, но сиромаштијата се зголеми од 24% на 30%. Бројот на невработените се зголеми за 10.000 луѓе. И покрај жестоката одбрана од него за “Бранковиот закон”, од кој тој и прв се откажа, а воедно и

Меѓународниот монетарен фонд, сите закони што ги донесе ова Министерство беа рестриктивни во однос на оние кои ги губат своите работни места, отпремнините од 20 плати, само една плата за три години работа и со таа плата како што ни објаснувате тие луѓе можеле да почнат бизнис или пак последното што господиот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да обезбедат земја овие граѓани за почнат да ја обработуваат, но за тоа потоа. Како што на почетокот се се сведуваше на интензивна работа на овие министерства, во последно време гледаме апатија, немоќ за помош на граѓаните, а сиромаштијата и понатаму се зголемува.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кој милува да каже дека воопшто не се занимавал со земјоделие но може да носи многу добри закони за истото. Еден од тие закони кои што цело време се труби и се објаснуваше во неговиот извештај е тоа да се укине Фондот за земјоделие, субвенциите во земјоделството да се намалат за 400 милиони денари, во меѓувреме имаше и масовно изумирање од изгладнетост на стотици свињи, за многу земјоделски производи се понудени ниски откупни цени, како тутунот, пченицата, грозјето, но и покрај откупот, ништо не е исплатено. Тој министер се обидува да каже како претходната Влада не знаела да работи, но земјоделците во своите искажувања самите без разлика на политичката припадност калкулираат и знаат дека претодните години било златното време за земјоделецот, но што се случува сега?

На крајот, аграрната реформа што им ја нуди Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со Министерството за труд и социјална политика, овие луѓе кои што останаа социјални случаи, многу од нив се интелектуалци, многу од нив никогаш не се занимавале со земјоделие, луѓе без основни средства за работа, без основни познавања за земјоделие, а што ќе направат тие кутрите, кога и земјоделецот всушност станува социјален случај, кој работи, троши, продава, но на крајот не може да ги поврати ни основните трошоци.

За Министерството за транспорт и врски веќе министерот со самите први одговори, одговараше на нашите пратенички прашања дека ќе го направи тоа кога ќе има пари. Но сега дознавам од премиерот дека тој имал многу пари, или незнаел каде биле скриени парите, или пак незнаел да ги употреби.

Министерот за животна средина ветуваше многу, но тие се ветувања и пректи без реализација, без ниту еден денар и незнам кое е неговото учество во Владата на Република Македонија, ова што се обидува исто како премиерот да каже дека случувањата со Саса биле од претходната влада, дека спасот на Дојранското

езеро било точно од него. Ако еден проект чини 100 милиони апроксимативно вие вложите два милиона да ги ставите славините и кажете ова е мое дело, мислам дека не е во ред. Не направи ништо за спасот на Дојранското езеро, ни за Охридското езеро, ниту за депониите што ја загадуваат Западна Македонија и многу други работи.

На крајот, би сакал да кажам две работи: премиерот Црвенковски кажа некој збор во своето излагање за спортот и политиката дека не можеле да се мешаат и општо ако го кажат сето тоа, спортот во Република Македонија стигна до најниската гранка. Гледаме дека Олимпијадата 2004 година се приближува, тоа ќе биде можеби прв и поседен пат тука покрај нас да се случува нешто со големи светски намери, но што се случува со нас што спортот го донесовме во колапс многу спортисти веќе се откажаа, многу спортски клубови не функционираат. Јавното претпријатие за стопанисување со спортските објекти веќе почнува и се спрема да сади компири по стадионите, а спортските сали за чување овошје. Јас би го запрашал премиерот што добивме од оваа Олимпијада. Колку сали се направени, доправени или поправени. Колку стадиони преуредивме, колку патишта направивме, колку репрезентации ќе се аклиматизираат кај нас, колку наши спортисти ги исполниле нормите за Олимписките игри. Николку господине премиер. Ниту една наша репрезентација не се избори да учествува и сега веќе излегуваме од преткфалификација. Значи, најголемиот успех го очекуваме од некој натурализиран македонец преку ноќ кој би можрел да донесе медаља, а сите ние задоволни дека успешно функционираме како спорт. Вашите зборови некој погрешно ги сфати и воопшто само декларативно за помошта кон младината да ја отргнеме од најголемите пороци, алкохолот и дрогата, воопшто не преземате ништо за да ова премине од декларативно во нешто што треба да го работиме.

Сега би сакал за почитуваниот министерот за култура, кој што ме предизвика господинот премиер кој што исто така како мене не бил задоволен од прославата на 100 години Илинден, само незнам сега повторно изгледа сега повторно бил виновен ВМРО-ДПМНЕ или можеби по основањето на ВМРО Илинденското востание во 1903 година, не требаше да биде 1903 година, можеби некоја друга година да биде прославено нешто како јубилеј. Но, јас тука стојам до едно што го кажав можеби пред неколку месеци, Турците обично ги осудувале на 101 година, а изгледа и прославата на ВМРО ќе биде 101 година, се надевам со ВМРО-ДПМНЕ. Она што го гледав и што го слушав за прославата и она што го има во извештајот од ова Министерство е концертот на Тоше Проевски. Не се сомневам

дека Тоше Проевски младината го сака, но тоа што Македонската филхармонија не свиреше во Крушево поради дожд, митингот цело време беше под знак на прашање и на него дојде повеќе полиција отколку посетители и дали сето тоа е прослава на Илинден. На свечената академија од 100 години Илинден што се одржа во овој парламент, не се споман роганизаторот на ова востание, значи, организацијата ВМРО која беше идеен водач на македонскиот народ, незнам зошто, можеби случајно, можеби намерно и беше многу нелогично и неприродно. На исложбата во Собранието на Република Македонија насловена "Столетие на државност", јас видов се, но не го видов знамето со кое што Република Македонија се избори за независност, 16-кракото сонце воопшто го немаше на паноа. Мислам дека имаме голем проблем што славиме, можеби ќе треба да се вратиме многу години поназад. Се разбира, државата можеше и мораше многу повеќе да вложи во оваа прослава и гордо, затоа што тоа е нашата македонска историја кој ние ја заслужуваме ги обврзуваме генерации и генерации кои доаѓаат после нас. Мислам единствено што личеше на некаква прослава на Илинден тоа беше во Сиднеј, каде што нашиот македонец прослави навистина како што сите очекуваа во Република Македонија да се прослави 100 години од Илинденското востание и затоа големи честитки за тие луѓе и за организаторите на истото. Она што министерката за надворешни работи и министерот за култура ни го кажуваа до последниот ден дека ќе се положат венци во Манастирот, ќе биде ставена плочата, па нема да биде и нивното просуство таму заедно со претседателот на Парламентот, мислам се претвори во една тотална хаварија и дека уште еднаш мислам дека ниту едно раководство на Република Македонија не смее да си дозволи таков срам и понижување кој го доживееја тие луѓе таму. Мислам дека ќе беше многу подобро и поприкладно да си заминеа и воопшто на тие дрвја таму и незнам каде беа поставени тие венци таму. Во однос на министерот за култура не би сакал да кажувам, не сум добро ни образован за тој дел, ќе оставам на луѓето од културата да го кажат сето тоа, а инаку министерот го слуша тоа од мене. Секогаш, така да и вие не мора да го слушате.

И на крајот, сакам да се прашам ќе може ли овој реконструиран кабинет на Црвенковски ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се извинувам, меѓутоа, ќе треба во 13,оо часот да ја прекина, седницата со пауза заради протоколарни обврски, ќе морам да бидам присутна, така што ако може да се усогласите.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Само крајот и завршувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете, ајде, ве слушаме.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ќе може ли овој реконструиран кабинет на господинот Црвенковски да биде поефикасен, поодговорен, поактивен, поидеен, потранспарентен од овој што беше до сега. Ќе може ли оваа тројна коалиција да функционира како едно тело што поради добиениот изборен легитимитет е одговорна да обезбеди подобар, посигурен и поквалитетен живот. Јас мислам дека тоа нема да се случи, знаејќи го премиерот и неговите лесно искажани ветувања во кои самиот не верува, затоа време е народот да одлучи. Ќе продолжи ли секојдневно да умира на рати и да му биде страв да се враќа дома безбеден или ќе се поведе по ланскиот изборен слоган на Бранко Црвенковски: “Народот ќе ја земе судбината во свои раце”. Мислам дека ова е вториот избор и барем за мене нема дилеми.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Имаме време за реплика.

Господин Иван Стоиљковиќ се пријави прв, има три минути реплика.

ИВАН СТОИЉКОВИЌ:

Навистина не можев да одолеам на ваквото долго излагање на господинот Мавровски и како реплика би искористил една приказна од Стара Грција кога по вештина на ораторство кога Платон го повел својот ученик на еден од тие натпревари и ученикот на Платон бил воодушевен од тоа како говорниците можат

толку долго да дискутираат. Меѓутоа, во анализата Платон на неговиот ученик одговорил. Говорникот имаше два проблеми.

Прво, незнаеше како да го почне говорот, а второ, незнаеше како да го заврши. И за крајот на господинот Мавровски има една латинска изрека - дум спирум значи, господине Мавровски оставете не да дишеме малку.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата се јавува господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Токму за тоа зборував, да не оставите да дишеме. Токму за тоа зборував да видиме дека немаме воздух.

Второ, јас знам што зборував на почетокот и знам како завршив. Знам дека почнав со господинот Црвенковски и завршив со господинот Црвенковски, не лажеше 13 години, не лаже и сега. А колку колегата сфатил тоа е негов проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави госпоѓата Илинка Митрева.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Ќе дадам една мала корекција на латинскиот цитат која што не беше коректна. Дискусијата на почитуваниот пратеник ја потврдува илузијата дека сите мислат дека се разбираат во две работи. Едната е фудбал, а другата е надворешна политика. Со оглед на тоа не му ја коментирам дискусијата.

Меѓутоа, она што сакам да го коментирам, што ме зачудува е неинформираноста на пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ за ставовите на сопствената партија во однос на евро и евроатланските интеграции. За што станува збор? Неодамна имавме средба на високи партиски делагации од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, каде што разговаравме за европската интеграција на Република Македонија и каде што дадовме заедничка изјава дека сметаме дека ова е стратешка цел на Република Македонија и дека во врска со тоа се создадени околности за поднесување на апликација за членство во Европската унија. Го оценивме тој потег заеднички како еден нов национален проект, како еден фактор на интеграција, фактор кој што ќе овозможува засилување на реформите кои ги презела оваа Влада.

Оттаму, или непосоти координација помеѓу врвот на партијата и пратениците, или пак по овие цели кои што произлегуваат од дискусијата на ценетиот пратеник има разлики во самата партија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам госпоѓо министер. За реплика се јавува господинот Спиро Мавровски. Имате три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас незнам зошто госпоѓо министерке ве разубедив дека сум надвор од ставовите за евроинтеграција. Јас кажав што кажуваше господин премиер, дека минатата година не можело да се аплицира, а оваа година само кажав извештаи на ваши луѓе, на вашата Влада. Што тие размислуваат за нашето аплицирање во Европската унија и ништо повеќе. Во вашиот извештај кој што го добив од Владата стои дека тоа е во ред, дека тоа ќе биде многу брзо, но вашите министри од вашата влада кажуваат и јас само го цитирам сето тоа. Ако сакате можам повторно да го цитирам да видите дека нашата апликација воопшто нема важност и дека ние до 2013 година во ниту една агенда на Европската унија не постоиме. Тоа е тоа што јас го кажувам од вашите министри, а не од Европската унија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓата министер Илинка Митрева.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Јас незнам дали е пторебно да го цитирам пратеникот, ако не се сеќава на сопствената дискусија во која што искажа крајно песимистички и дефетистички тонови  по однос на можностите за интегрирање на Република Македонија во Европската унија да даде некој тајминзи кои што навистина, не се во согласност со она што беше договорено со нивната делегација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Бара збор министерот за култура господинот Благоја Стефановски.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Тешко е да се води дијалог со пријатели. Јас повторно ќе останам во она што беше во моја заложба. Прославата на 100-години Илинден Македонска државност е тема за која што исто така треба да седнеме и да се договориме. Јас таа улога ја прифатив уште со самото мое доаѓање, предложив на Влада да се формира Одбор и уште во декември формирав свој дел на консултанти на чело со г-динот, сега за жал покоен Анте Поповски, во кое учествува Старделов, уште пет други компетентни луѓе, да не ги кажувам, меѓутоа одлуката беше Собранието да донесе состав. Таа одлука беше донесена и во март беше конституиран овде еден Одбор кој броеше 50-тина членови. На чело беше претседателот.

Некаде во април ја добив функцијата секретар на Секретаријатот на тој одбор и фактички сите овие преклопувања поминаа низ тој Секретаријат кој водев јас.

Меѓутоа во делот на се она што требаше да се реализира се реализираше преку министерството за култура. Должен сум да одговорам.

На сите тие одбори, Секретаријати за жал на Илинден имаше недоаѓање точно од членството од ВМРО. Значи во таа фаза беше бојкотиран и самиот претседател Трајковски.  Јас никогаш не сакам да говоам, меѓутоа, фактите се на ниедна таква средба не дојде г-динот претседател Љубчо Георгиевски, кој беше на ВМРО тогаш, иако членуваше и кој сигурно требаше да каже. Дури и тоа кое што го сомна Ганка Самоилова и Деан Дончев говореа. Јас такви кај мене во Министерството за култура немам. Факт е дека конкурсите се спроведени до институциите, наложено дека до година е 100-години Илинден, дека  таквите работи треба да бидат потенцирани, можеби и дел стимулирани за таа работа. Делот на она што Дончев говореше беше критикуван, бидејќи јас ги помогнав луѓето во Австралија, за кои г-динот Спиреса говори дека било најдобро, се согласувам дека тоа не направи горд, јас двапати сум гостувал со театарот по 30 дена во Австралија и ги знам сите тие небитнини низ кои поминува македонецот во Австралија, тие делби и исто ме направи горд. За тоа ќе говорат тие од таму. Тие наишаа писмо за тие небулози ки ги кажа г-динот Ден Дончев. Значи, бев апсолутно отворен за сите тие работи.

Дури на членот на Одборот, кој што беше дел на Секретаријатот г-динот Тодоровски дури изрече критики на делот кој што останува како печат на г-динот Силјанов, ние ги објавивме книгите, наводно сме протежирале бугарштина и неки други небулози, кои апсолутно не водст кон тоа да ги кажеме историските факти.

Значи, за Илинден ние ќе говориме уште многу. Веројатно голем настан кога ќе биде околу таа тема ние ќе имаме каде да го прославуваме Смилевскиот конгрес,

делот на Дамјан Груев, ќе имаме еден споменик на културата - Македониумот во Крушево но и сите други објекти ки се дел на таа историја ќе останат дела кои ги направивме заендо и дел за кои уште ќе се договориме дека треба да ги направиме. И делот за Прохор Пчински, за кој говореше премиерот, јас уште тогаш ги дадов изјавите и ја поддржувам таа акција. Не можеме да зависиме чествувањето во делот на тоа како некоја друга држава или некоја друга црква ќе биде расположена.

Значи, повторно сакам да повикам дека нетреба околу тоа ние тука да правиме. . . Тоа е дел на нашата историја, каква е таква е, да ја видиме, на историчарите да им оставиме. Ние културата и делот на културата, еве и Тоше Проевски кој е на чествувањето во Канада за 100 години. Самата црква кажа се собраа такви генерации, трети генерации кои никогаш не ги виделе низ нашите црковни општини, значи, тоа беше настан за Канада, за Торонто. Дел од Австралија, Сиднеј, самот Мавровски кажа. Значи, ние треба да го одбираме тој дел, меѓутоа, ние кога го ставивме и оперското дело на Кирил Македонски, Танец, исто така. Сите вредности, целата духовна култура ја поставивме и во вид на престави, меѓутоа, за шест месеци ниту филм може да се сними, ниту може нов текст да се напише драмски. Тоа што беше напишано го направивме. Останаа како залог на таа културна мапа на Македонија за Илинден и 50-тина книги 100-тина изложби, могу нешта кои што се запишани и напишани. Многу дела кои што се преобјавени. Значи тоа е Илинден и околу тоа никој не може да има двојденост. Секој да си побараме внатре каде бевме неорганизирани и како бевме неорганизирани. За тој дијалог и утре ако ме повикате јас ќе разговарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги јас морам да ја прекинам сега седницата, со репликите ќе продолжиме понатаму, бидејќи за три минути имам средба со бразилскиот амбасадор.

Простете меѓутоа, седницата морам да ја прекинам.

По еден час продолжуваме со работа.

(Пауза од 13,10 часот)

(по паузата)

(Седницата продолжи со работа во 14,25 часот).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со вториот дел на седницата.

Јас ве молам да ги заземете своите места и ги молам сите колеги пратеници да влезат во салата за да можеме да продолжиме.

Збор побара министерот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Би ве молел почитувана г-ѓо претседател како што идат дискусиите така да давате право на реплика, затоа што кога ќе помине времето донекаде се губи целисходноста на реакцијата.

Мојата реакција се однесува на дел од дискусијата на почитуваниот пратеник Мавровски, затоа што веќе трет пат во текот на овие два дена го слушнавме тоа тврдење, а на мое разочарување го слушнав и од пратеникот Груевски. Имено, се работи за дел од забелешките околу флексибилноста на пазарот на трудот.

Во овој дел и во говорот на пратеникот Груевски овие промени беа истакнати како негативни промени и јас би сакал пратениците кои што дискутираат така да ги потсетам дека РМ имаше еден од највисоките таканаречени ИПЛ индекси или индекси за проценка на ригидноста на трудот. Тој идекс беше 4,4.

Со промените направени во законската регулатива во привот квартал во 2003 година тој е симнат на 3,2, меѓутоа се уште е далеку од просекот Европски кој што е 2,1. Ова се податоци според методологијата на ОЕЦД земјите и доколку сакаме да се движиме во вистинска насока ние и понатаму мора да носиме мерки ки што ќе значат зголемување на флексибилноста на пазарот на трудот и намалување на овој индекс кој што ја мери ригидноста на пазарот на трудот.

Кога говорат пратениците од опозицијата сосема оправдано за создавање на клима за инвестиции тоа по автоматизам значи пофлексибилен пазар на работна сила. Кога се говори за либерализација на економијата тоа повторно значи поголема флексибилност на пазарот на работна сила. Кога се говори за дерегулација тоа исто така значи пофлексибилен пазар на работна сила.

Јас знам дека постои интензивна комуникација на македонската десница со останатите стручни партии на Европската почва и само би ги потсетил дека сега скоро нивна делегација беше во посета на Сојузна Република Германија и токму опозиционите христијан демократи дадоа апсолутна поддршка на социјалдемократскиот канцелар Шредер во неговиот паќет на реформи, Агенда 2010, чии што мерки се идентични со мерките што македонската влада ги предложи со законските измени во првиот квартал на 2003 година. Само да ве потсетам, канцеларот Шредер имаше многу поголеми проблеми да ги убеди сопствените пратеници, отколку пратениците на опозицијата, така што секоја опозиција од таква

провинциенција, десничарска или централно десничарска би требало по автоматизам мерки што значат намалување на ригидноста на пазарот на трудот да ги поддржи. Дури и да ја нападне владата дека е недоволно храбра во преземањето на чекори во таа насока затоа што само на тој начин како една од комплементарните мерки ќе се создадат услови за поголеми инвестиици.

И Владата и Министерството за труд е решена да продолжи во таа насока и наредната година. Во првиот квартал на 2004 година до Парламентот ќе бидат понудени нови законски измени кои што ќе значат натамошна флексибилизација на пазарот на труд и кој што ќе доведат до натамошно намалување на овој ИПЛ индекс кој што се смета како единствена релевантна мерка за проценка на тоа дали една економија во делот на пазарот на работна сила е бизнис фленги економија.

Така што ваквите мерки ќе продолжат и јас навистина сум изненаден што особено од пратеникот Груевски беа критикувани ваквие мерки, затоа што и од разговорот со него знам дека тој впрочем како министер за финансии во претходната влада притискаше за вакви мерки, меѓутоа од икс причини тие не беа реализирани во мандатот на претходната Влада.

Апелирам кога говориме за овој дел, секако место за критика има и има многу места каде што критиката е сосема заслужена и оправдана, меѓутоа ова место не е такво и на имплементацијата на ваквите политики мислам дека и опозицијата треба да даде апсолутна поддршка, затоа што тоа се мерки насочени кон создавање на далеку подобар простор и за домашни и за странски инвестиции.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислев дека министерот ќе ми реплицира мене, но колку што знам во мојот говор за ова не спомнав ништо, тој сакаше да му реплицира на г-динот Груевски, но тој не е тука, така да ќе оставиме кога ќе дојде акоможе во дискусија да му објасни што и како. Јас мислев дека ќе негира нешто од она што го изнесов во моите тврдења за зголемување на бројот на невработените, за тоа што тој пакет на мерки заврши во првиот квартал на 2003 година и сега гледаме дека пак 10 илјади има повеќе невработени. Од тоа гледам дека министерот апсолутно ништо не реплицираше, ниту, бидејќи ги користевме информациите од неговото министерство, мислам дека тука е се во ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот министер.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Може би почитуваниот пратеник Мавровски не се сеќава, меѓутоа експлицитно неговите зборови беа упатени кон промените на Законот за работни односи во однос на намалување на отпремнината и кон законот за вработување и осигурување во случај на невработеност во делот на траење на паричниот надоместок. Тоа се експлицитни мерки од доменот на зголемување на флексибилноста на пазарот на работна сила. Токму на тој дел реплицирав и тој дел пратеникот сосема експлицитно го кажа.

А реагирав бидејќи и двајца претходни пратеници пред него го посочија тој дел. Уште еднаш сакам да укажам.

Има доволно места во делот на вработеноста и невработувањето каде што Владат со право може да се критикува, меѓутоа не може да се критикува во овој дел на создавање на поголема флексибилност на пазарот на работна сила.

Токму за овој дел беше мојата реакција г-дине Мавровски.

;ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика на говорот на г-динот Мавровски е јавен г-динот Никола Апостолоски.

НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ:

На колегата Мавровски имам реплика.

Истиот во својата дискусија како експерт по сите области го спомена министерството за одбрана во два случаи и тоа:

Прво, за уништувањето на нагазните мини, со што ме изненади како пратеник од партија која во својата програма се определила за влез на РМ во НАТО да покаже како пратеник класижно непознавање на стандардите на НАТО, очигледно застапен од желбата да ја критикува Владата, па ги заборавил нормите.

Втората работа е, ги спомна тендерите за храна во гарнизоните во Штип и во Битола, каде искажа сомнеж во нивната регуларност, а истовремено заборава дека екс министерот за одбрана во Владата на ВМРО ДПМНЕ г-динот Пауновски е осуден на 5,5 години затвор заради криминалот што го направи за време на своето министерување.

Трета работа почитуваниот колега Мавровски ги зпомена фудбалските стадиони во РМ дека на нив во наредниот период ќе се садат компири. Можам да потврдам дека е тоа точно, ќе садиме компири од причини што владата на ВМРО ДПМНЕ во времето на своето владеење сите фудбалски стадиони ги даде подконцесии на свои партиски луѓе за кирија од 50 евра. Само да го потсетам,

незнам само во Делчево газдарицата на фудбалскиот стадион од Делчево што ќе сади, дали ќе сади компири или тикви.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За одговор се јави г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуваниот колега незнам што ги виде мините и што сака да ми реплицира. Јас кажав дека во извештајот стои дека се уништени 37 илјади нагазни мини. Тој извештај е на министерството, ниту како експерт, само она што го прочитав го кажав.

Второ, за тендерите во Штип и во Битола дека било транспарентно, се случија несреќите и тоа е јавно. Вие знаете сите дека тоа се случи. Дали против министерот Бучковски ќе има сега или после година две некоја кривична пријава и колку ќе биде осуден, како што кажувате што е осуден сега Љубен Пауновски на 5,5 години веќе денес Хелсиншкиот комитет кажува дека тоа судење е чисто политиканство и процес кој не треба да се води.

Трето, говориме гука за планот од последната 2003 година. господинот ме потсеќа на владеењето на ВМРО ДПМНЕ, но тогаш не се садеа компири, се постигнуваа резултати и станаа европскипрвaци, се стигна до некое финале и се постигнаа големи резултати. Сега гледаме што се случува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Немате веќе право на реплика. Вие дадовте реплика, контра реплика.

Продолжуваме понатаму со дискусија.

Има збор г. Јани Макрадули.

Се извинувам г. Макрадули, ќе му отстапите ли право на г. Хари Костов.

(Уфрлување на г.Спире Мавровски во врска со министерот Стефановски).

Рековте дека ќе чекате да дојде.

Реплика три минути, само што г. Стефановски не е тука да ви одговори, мислам дека ќе се најдете во друга прилика.

Г. Хари Костов, повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Дел од дискусијата на г.Мавровски немам намера да ја коментирам, затоа што главно е истата во однос на точката на дневен ред која ја имавме пред еден месец околу безбедносната состојба и тогаш беа и дискусиите, беа понудени и некои заклучоци од таа страна, коои не беа усвоени, така што тоа не би го повторувал.

Би се осврнал само на две точки затоа што во неговата дискусија беше спомената дека и акцијата на полицијата во Брест беше предизвикана заради тоа што во Република Македонија - цитирајќи некој напис - биле киднапирани двајца амбасадори, наведено е амбасадорот на Холандија и Данска.

Според тоа, многу едноставно господинот Мавровски може да провери дали таа приказна може да биде основана, само да провери дали сака во Министерството за надворешни работи, телефонски адресари и тн. дали воопшто во Република Македонија постои амбасадор на Данска. Кога ќе види дека нема ќе му биде јасно дека само некој неделник можел да си направи некоја прикаска и дека полициската акција нема никаква врска, никаков настан не се случил во кој биле киднапирани двајца амбасадори во Република Македонија нарочито не може да се киднапира амбасадор кој што и не постои во државата.

И второ, околу соопшението на Хелсиншкиот комитет за последниот случај со господинот Пауновски и обидот дури и тоа да се припише сега како некоја активност на сегашнава Влада. Ако ги заборавиле датумите, кривична пријава против господинот Пауновски не покрена оваа Влада, не покрена Министерството за внатрешни работи во овој состав, туку е покренато одамна, во периодот на владеењето на претходната Влада, и токму напротив, тогаш бевме сведоци на определени закани внатрешни околу тоа кој што ќе каже и какви други изјави потоа докази може во јавноста да излезат, па дури ни судијата кој го води овој процес скоро трета година е истиот судија. Според тоа, нека не се припишуваат работи кои воопшто не се поврзани со оваа Влада и со врзување на Хелсиншки комитет со некои наводни состојби и делувања на сегашнава Влада. Тоа што е нивно е нивно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Господине Мавровски, реплика, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Нависина помина еден час од паузата, но министерот како да не беше тука или си припишува некои работи кои тој ги знае, а ние не ги знаеме. Јас кажав дали е точно дека последниот месец се киднапирани двајца амбасадори. Тоа што велите од Данска, од Холандија - можеби знаете повеќе од мене кој бил киднапиран и дали бил киднапиран, бидејќи тоа го кажа вашиот коалиционен партнер Али Ахмети и тоа стои, јас ќе ви го дадам да го прочитате ако не го знаете.

Ве прашав за топот дали е вратен и што направивте со вашите заменици што не ги фатија досега, им имавте дадено рок од 1 месец, тоа се вашите заменици, вие

не кажавте ништо за тоа. Зборувате и си кажувате некои работи што вам ви одговараат, а воопшто не се во контекст на дискусијата која ја имав тука. Можеме да ги побараме стенографските белешки, уште еднаш проверете и после тоа одговорете. Вака ја носите јавноста во заблуда и мислам дека нема да дозволам таква работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Еве, господине Мавровски, министерот Стефановски е тука, повелете со репликата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Стефановски ме потсети дека ќе треба да се договорите за Илинденското востание. Јас мислам дека прославата на 100-годишнината помина, сега можеме да се договориме за 101-година. Мислев дека кабинетот на господинот премиер Црвенковски ќе му помогне и јас не го обвинувам директно Министерството за култура, кога тоа е работа на оваа држава, работа на Владата со сите средства што ги има да му помогне на министерот за култура свечено и како што доликува на македонци да прославиме 100 години од Илинденското востание. Ова што ни кажуваше дека ќе славиме кога ќе направиме во Смилево, не кажуваме, можеби еден ден ќе прославуваме некоја годишните од ВМРО во Солун, само не знаеме која година, тука е проблемот. Затоа, да го видиме она што го направивме и како го направивме. Тоа што ќе помине и ќе дојде, ќе видиме, времето ќе не демантира или ќе не потврди.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се надевам дека нашите соседи нема буквално да го сватат овој коментар.

Има збор министерот Стефановски.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Само кратко. Јас сакав да говорам за она што го направивме и за она што не се направило бидејќи просласвата 100 години Илинден малку порано се организира и за тоа говорев. Незнам по кој пат треба да кажам, и морално и материјално одговарам дека во самото Министерство не затекнав ниту едно ливче каде што се програмирало, или забележано во програмите. Најголем аргумент за кој бевме обвинети, бидејќи нема трајни вредности кои ќе се прават, споменици - единствениот споменик кој што е монументален во Крушево, за жал, од институцијата која беше задолжена да се грижи за него беше во фаза на распаѓање, тоа е “Македониумот”.За жал, директорот на Републичкиот завод за заштита на спомениците не конкурирал за да се заштити. Во декември со писма тоа го

направивме и на тој начин ги ублаживме последиците кои ќе беа многу лоши.
Кажав дека на тие средби во април, кога почна да функционира и секретаријатот, за жал, и тогаш од пратеничката група која ете сака да прославува и 101 година само господинот Кљусев доаѓаше и тој беше претседател на издавачката дејност. Тука се влезени и прифатени сите. Тој дел за кој се кажува дека господинот Ден Дончев оставил на некои од сајтовите - јас незнам, нека ги кажат, и тоа ќе го признам, јас најдов кај мене празен компјутер, ништо немаше, не само за тоа туку и за куќата на УНЕСКО и за многу други, меѓутоа, не сакам да говорам околу тоа. За тој дел сакам да ви кажам, во тој дел ние тоа го направивме. Го направивме прославувањето во Австралија, во Сиднеј и Мелбурн, го правиме преку цела година како што рековме дека ќе прославуваме, во Канада и во сите градови низ Европа каде што живеат македонци. За жал, тогаш Ден Дончев го оспори делот на македонските црковни заедници кои ова го организираа. Впрочем, тие меѓу себе си реплицираа, јас не реплицирав. Тој повратен дел преку сателит го прифативме и затоа се комплиментите. Делот каде што бевме критикувани, за прв пат тој проблем беше отворен во месец јули и тогаш господинот Ден Дончев кажа дека тие замислувале вака и имале таква визија. Таква немаше. Да имаше, тоа ќе го реализирав. Треба да се радспишат тендери за најдобри проекти во било која област, во филмската или театарската уметност, во делот на споменици, обележја кои можат да бидат таков монумент, треба друг да изградиме за Илинден. Има илјада начини како тоа да се реализира. Мутоа, тоа не е проблем кој се решава за шест месеци. Во тој дел, ви велам за тие 6-7 месеци, максимално направивме, но сигурно може подобро, секогаш може и подобро. И доста се обвинуваме околу тие работи, дајте да ги направиме. Јас говорев за заблудите на некои личности кои партиципираа во самиот Одбор, говорев за господинот Тодоровски кој што рече дека наводно со книгата на Силјанов сме сакале да промовираме некаква бугарштина, што е апсурд. Апсурд. Денес ја имам книгата од Архивот, каде што се говори за тоа време, тие луѓе што биле осудени на 101 година и ќе му ја подарам, се именувани вака и вака, како бугари, а во тоа време знаеме како и кои биле овие, потоа се менувале во српски презимиња. Тоа е делот на оваа историја и прославувањето на Илинден сакавме да го направиме со тие млади. Тоше е предводник на таа генерација, да биде за младите, значи младите да ги вклучиме во прославите на овие стожерни вредности на Македонија, а тоа да не биде на ничија сметка, да ги навредиме луѓето во тој дел, тоа бил дел на Отоманската империја, луѓе кои припаѓаат можеби на друга вероисповест. Значи сите заеднички да славиме и прославуваме, бидејќи денес

Македонија е дел од тој континуитет на таа Македонија, за тоа говорам. Меѓутоа, Спире е добар човек, но повторно морам да му кажам дека оваа работа не е негово поле. Сигурно има компетентни луѓе во ВМРО со кои можеме да разговараме за таа работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусија.

Има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, претставници на Владата, колешки и колеги пратеници,

Навистина незнам колку се плодотворни овие седници кога еве од сабајле имаме само двајца дискутанти со говори од еден час, а и вчера го монополизира времето. Толку време зборуваа и бевме сведоци дека и самиот дискутант не знае што кажал во својата дискусија. Ај што го преспал времето од 1998 до 2002 година, но очигледно ги преспал и активностите не само на неговата влада, туку и на неговата партија.

Само да се надоврзам на ова што господинот Костов го зборуваше. Господине Мавровски, вие зборувате за сталинистички методи. Да ве потсетам вие формиравте партиска комисија за да го испитувате случајот на Љубе Пауновски. И што сега? Тука ќе се согласам во нешто со вас дека менталниот склоп тешко се менува и со месеци можеме да дискутираме, можеме со години да дискутираме, но нема ништо да се договориме. Никој не може да ве убеди дека од Битола до Лерин ВМРО нема изградено далновод, како што викавте минатиот пат. Тоа не го има видено никој во Битола, синоќа ни на Матрикс не го видов јас, само вие мислите дека има далекувод од Битола до Лерин. Сега тоа е судбината, тоа треба да го правиме. Единствено се согласувам дека не се разбирате во култура, затоа што секоја книга што ќе ја видите со слики мислите дека е сликовница.

Но да се вратам на точката и да ги потсетам граѓаните на Република Македонија дека зборуваме за реконструкцијата на Владата на Република Македонија. Реконструкцијата на Владата на Република Македонија, која го следи поднесувањето на Извештајот за првата година од нејзината работа е исклучително значаен политички настан, настан кој ги заслужува епитетите на демократски, одговорен и решителен чекор на премиерот. Она што овој наста го прави дополнително значаен не е само фактот што ова е прв ваков извештај, и не само заради модерно подготвениот и содржински исполнет извештај, туку пред се заради

дозата на самокритика која за работата на Владата, во своето воведно излагање, ја истакна и самиот претседател на Владата господинот Црвенковски. Изложувањата на виделина, а не прикривањето на пројавените слабости е нов плус за демократијата во Македонија, а цврстата решеност за надминување на истакнатите слабости се додатен елемент во одговорноста на премиерот.

Веројатно многу пратеници деновиве ќе не потсетуваат на разни изјави и најави, цитати и слично. Затоа дозволете ми јас да почнам и да се навратам на клучниот проблем, но и клучниот приоритет кој пред една година го акцентира во своето експозе претседателот на Владата господинот Црвенковски, а тоа се меѓуетничките односи. Област каде значењето на вистинските и навремени потези е огромно и има последици врз целокупните политичко-економски движења во земјата. Потези кои се одликуваат со искористување на сите расположливи капацитети во остварувањето на стабилноста и безбедноста.

За жал, има голем број на партии и граѓани кои сакаат да го маргинализираат тој приоритет, дека тоа е работа која може да се реши преку ноќ. Но дали тоа е така? Деновиве неколку колеги пратеници имавме можност да посетиме една држава, Северна Ирска, а таму видовме земја со ѕидови, со различно обоени тротоари. Земја која 35 години се обидувала да ја реши состојбата на поразени и победници. Состојба на маѓепсан круг во која еден ден еден е победник, а другиот ден истиот тој губитник. Но земја која во име на идните поколенија, во име на сопствените деца, кои со години не ги имаа видено, започнаа со систем победник-победник. Со систем во кој едната страна ја заштитува другата страна од пораз. Ако таквиот систем на победник-победник е благороден, за успешно реализирање мораме да бидеме и многу храбри, да се преземаат и ризици и да не се бега од предизвиците. А оваа Влада на Република Македонија и решително и храбро влезе во процесот на создавање систем на победник-победник. Систем кој лесно ќе им пркоси на кримналните групи во распаѓање или екстремистичките структури на заминување. Систем кој ќе биде гарант и предуслов за остварување на безбедноста и стабилноста.

Секако, постигнатиот степен на безбедносна и политичка стабилизација, потврден со завршувањето на мандатот на последната воена мисија на територијата на Република Македонија “Конкордија”, заокружувањето на процесот на импементација на обврските од Рамковнито договор, воспоставувањето на правниот поредок на целата територија на државата, како и засилувањето на мерките за

справување со криминалот се суштинските парчиња на нашиот мозаик кој се градеше во изминатиот период.

Сепак, нивното остварување не е цел самото за себе, туку отвора нов фронт кој овој пат е насочен кон проблемите од економската природа. Така, сега вниманието и напорите на Владата ќе треба да се фокусираат на создавање услови за забрзан економски развој. Во тој дух, за да ги нормализира состојбите, уште во почетокот на мандатот владата презема можеби непопуларни потези, но потези од реформски карактер кои мораше да бидат преземени. По правило, такви реформски потези се болни и тешки, но тоа е жртва која Владата мора да ја прави, па и на штета на својата популарност. Состојбата во која се наоѓавме налагаше решителност во спроведувањето на потребните реформски зафати, кои имаа единствена цел: запирање на падот на економската активност и создавање на услови за долгорочен одржлив економски развој. Горливите прашања, како што се енормно високата регистрирана невработеност, незадоволителното ниво на странски директни инвестиции, исклучително неповолниот трговски биланс мора да имаат национален приоритет. Сите мора да сватиме дека вистинските реформи се болен процес, а дека политичкиот популизам, базиран на повиците за социјална правда, води кон политичка изолација.

Почитувани колешки и колеги пратеници,

Ефектите од радикализацијата на курсот на Владата кон економските проблеми ќе бидат видливи веројатно многу побрзо од крајот на нејзиниот мандат. Немаме илузија дека уште веднаш платите и стандардот ќе достигнат европско ниво, а проблемите ќе ги снема со допирот со волшебно стапче. Но враќањето на надежта и перспективата, пред се, за младите беше и останува наша цврста определба и цел. Светлото на крајот на тунелот значи дека го одиме вистинскиот пат, а секое скршнување носи дополнителни опасности и неизвесности.

Задача на Владата во наредниот период ќе биде ништо друго, туку забрзување на чекорот и скратување на времето кое ни треба за да стигнеме до излезот. Или, годината на стабилизација да се трансформира во година на економски просперитет и развој.

Колешки и колеги пратеници,

Зборувајќи за изминатава година, а секако гледајќи напред, има еден неспорен факт, иако за жал не верувам дека ќе се согласиме барем околу ова прашање, а тоа е враќањето на меѓународниот углед на нашата земја. Подобрени се односите со државите кои се наши клучни меѓународни партнери, вратена е

довербата во меѓународните финансиски институции, го враќаме изгубеното лидерство меѓу соседите, трасиран е цврст пат кон ЕУ, пред портите сме на НАТО. Покрај тоа, за мене е многу значајно што алиби за проблемите на тој пат не се бараат веќе во странски непријатели и шпиони, туку во нас самите. Позитивна е и променетата реторика дека во својот двор, овде во Македонија се завршува работата, а не во Брисел. Џон Кенеди рекол: ние сеуште сметаме дека прво дошле луѓето, а потоа се појавила владата.

Затоа, самите ние мораме да почнеме да ги менуваме навиките. Ние мора да го промениме начинот на размислување, пристапот. Да не создаваме стереотип дека Владата е семоќна и има решение за сите наши проблеми и идеи. На тој пат Владата не смее да биде заложник на дневни полемики или квази интелектуални ставови. Тој пат е стратегиски и тоа стратегија не само за мандат од 4 години, туку многу повеќе.

Ќе ми дозволите да дадам и некоклу приоритети за кои сметам дека Владата мора да посвети повеќе внимание во наредната година, пред се заради неопходноста согласно препораките и директивите од Европската Унија, но и позитивно испровоциран од личностите кои се предложени за министри во ресорите финансии, транспорт и врски, кои верувам брзо ќе ги реализирате.

Прво, Владата мора да го започне процесот на создавање услови за влегување на вториот фиксен телекомуникациски оператор во државата. Како најдобар начин да се решат маките на граѓаните и компаниите се услугите кои сега ни се нудат. Секако, ова проследено со нов закон за телекомуникации, согласно европските директиви.

Второ, мораме да продолжиме со имплементацијата на дел од закони, што ги започнаа во Министерството за финансии во претходната влада, пред се на делот од Законот за електронски потпис, односно започнување со работа на авторirtетите за издавање на сертификати, како неопходен предуслов за зголемување на продуктивноста на администрацијата и претпријатијата, а намалување на трошоците и нервите на компаниите и граѓаните.

Секако, очекувам, иако премиерот не стави акцент во своето излагање, да бидам малку и личен - продолжување на позитивните процеси во областа на информатизацијата на владините институции, пред се со реализација на поголем број на проекти со информатичка подлога. Денес тековите на глобализацијата го поделија светот на две зони: зони на стагнација и зони на развој кои пресудно влијаат и на положбата на одделни земји па и на нивниот субјективитет.

Оние земји кои не успеваат да ги артикулираат развојните ресурси во развојот на современите технологии, неминовно остануваат во зоната на стагнација, неуспевајќи да фатат приклучок со развиениот свет. Но, да се вратиме во реалноста.

Денес Македонија, колешки и колеги пратеници веќе година дена не е место во кое секој може да прави што сака. Во Македонија веќе година дена компјутерските глувци не чинат 1000 евра. Еркондишните одамна не се 10 илјади евра. Веќе година дена царината е синоним за функционирање на правната држава. Контингентите се минато. Година дена партиската определба не е и не смее да биде алиби за криминални активности.

Затоа, ќе ни дозволите можеби малку формално, пратеничката група на СДСМ, поддржувајќи го извештајот, верувајќи во Владата и не само заради искажаниот оптимизам, ќе ја поддржи предложената реконструкција како неопходно кадровско доекипирање со цел зајакнување на нејзиниот реформски и развоен капацитет.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, колеги пратеници,

Прво, една работа во старт мораме да ја расчистиме. Господинот Јани Макрадули е сеуште пратеник во Собранието, иако неговата дискусија можеше да се сведи на тоа дека ја застапува Владата. Лично јас имам една забуна како да слушнав две експозеа. Едното на г. Црвенковски, другото на Јани Макрадули. Иако, несомнено е дека авторот и на едниот и на другиот е ист.

Господине Макрадули, можеби во Република Македонија поскапеа односно не се толку скапи, како што кажавте глувчињата итн, и компјутерите, меѓутоа, за жал, во Република Македонија денеска знаете што е најскапо? Да не стори Господ да вршиме некаде дезинфекција и дератизација, затоа што таа цена која денеска е во Република Македонија, тоа што се исплаќа е рекордно поскапо од било која земја во светот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господин Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине Караџоски, веројатно, вие само вашите прес конференции ги гледате и не ги слушате информациите што доаѓаат од Министерството за образование. Брзо ќе бидете уверени, ако досега не сте разбрале, на кој начин дошло до тие договори за дератизација што ги викате и кој ги плаќал и кој ги правел тие договори, а сега Министерството за образование мора да ги враќа тие долгови. Бледата копија на она вчера што јас го кажав за авторот на говорот, не ви држи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Уште во самиот старт г. Макрадули се труди секогаш нешто да навареди, секогаш нешто да извади од контекст, не знам и самиот зошто, но јас ќе го потсетам за нешто. Јас од 1998 година до 2002 година работев во РЕК Битола како директор за производство и каде бев, многу добро ќе му кажат работниците во РЕК Битола, а каде беше тој, не знам. Да останев сега во РЕК Битола сигурно и јас ќе бев во групата демонстранци тука во Собранието.

Што се однесува за културата и за сликовниците, министерот за култура може едноставно ако толку се интересира за моето познавање, господинот Макрадули да добие права информација и да знае колку и како сум направил во културата и колку разбира во сликовници и книги, можеме друг пат да разговараме за тоа, не во Парламентот. Дека г. Макрадули знае или не знае дали има далековод за Лерин треба да праша и да знае дека има далековод, само да знае кое е напонското ниво. Не знам сега што тој работи во РЕК Битола и некои негови блиски роднини, за скоро време ќе добие прашање и мислам дека ќе ми одговори. А, никогаш нема да дојдам во ситуација, како што доаѓа тој, да оди од министер до министер како курирчето Трајче, некој да му ги пишува репликите и овде ќе излегува и ќе кажува за мауси и за не знам за што веќе друго. Веќе ако е така, јас се

извинувам што ги користам овие зборови, но мислам дека неколку пати сум провоциран и веќе морам да вратам.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Па, тоа е проблемот г. Мавровски, за вас сталинистички методи не ви е навреда, тоа ви е начин на однесување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави потпретседателката на Владата госпоѓа Радмила Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

За да нема дилеми само директно за обвинувањата или најавите дека е интересно да се зборува за дезинфекција и дератизација, нема да навлегувам која е исплатата и кој и како ја правел, овдека имам десетина, петнаесет фактури, од први месец 2002 година, втори месец, трети месец, се до крајот на годината 2002 година помеѓу соодветната фирма, која за извршена дезинсекција на Студенскиот центар секој месец побарува од Владата односно ресорното министерство 149 илјади денари, пак 149 илјади денари, неколку месеци 149 илјади денари и повеќе. Овдека е фактура, профактура, испратница, заедно со испратница и договор за цесија помеѓу Државниот студентски дом Никола Карев, Министерството за образование и наука и примачот цесионер, која што е на износ од 3 милиони денари и кој што е потпишан во 2002 година на име дезинфекција, дератизација и дезинсекција. Значи, треба да зборуваме, можете слободно, иако мислам дека вашите министри можеби требало време во 2002 година да ви го дадат. Значи, кога зборуваме за дезинфекција, дератизација и дезинсекција во дадениот студентски дом, треба да зборуваме за договор и за фактура и за пари, кои што се договорени во 2002 година. И, се сложувам, дека некој за ова треба да одговара.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Да расчистиме една работа.

Прво, не се дискутира кога се направени, госпоѓице Шеќеринска, фактурите, кога се направени договорите, тоа не е дискутабилно. Дискутабилно е, госпоѓице Шеќеринска, кога тоа се плати. Платено е со цесија во мај 2003 година (реакција од пратениците).

Тоа што правела претходната Влада, имавте начини, проверете го и решете го. Зборот е следен, вие дојдовте на избори со ветувања дека таквите грешки, слични или не знам какви, нема да ги повторувате. Меѓутоа, факт е дека 68 илјади евра се платени во мај 2003 година, во време на ваша Влада, од вашиот министер со цесија по фактури и разни договори, кои што ги наведувате.

Според тоа, да ве прашам, зошто тие договори не ги спречивте кога дојдовте на власт и зошто воопшто ги исплативте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Госпоѓа Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Во тек на 30 секунди да не беше г. Караџоски кој што го знам, до пред некое време ми беше колега, да не беше адвокат, ќе речев дека можеби некои работи не му се познати. Меѓутоа, тој е адвокат и знае ова што го зборува нема врска со реалноста. Ниту оваа, ниту било која Влада не може да ги земе ваквите договори за цесија, за извршени услуги итн, да ги скине и да мисли дека тие после тоа нема да постојат. За жал, проблемот е кога еден министер ќе склучи вака штетни договори по државата, дека и тие после него ќе мораат да ги платат, освен ако не се покаже дека тие се незаконски. Овие договори апсолутно се над цените кои што требале да бидат. Меѓутоа, овие договори се валидни договори и Владата ако одлучи да не ги плати, утре тој цесионер, тој отстапувач, тој извршител на услугата ќе ја тужи државата и не само што ќе ги добие 60 илјади евра или 140 или 101 илјада денари, за кои што секој месец ваш министер потпишувал, туку и ќе добие камати. Е,

сега, ако вие ни давате правно мислење дека е подобро да ги платиме тие суми плус камати, тогаш вашиот бизнис откако нема да бидете пратеник, сериозно ќе биде нарушен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолжуваме со дискусии.

Збор има г. Кондарко.

Извинете г. Кондарко, за реплика се јави г. Оровчанец на дискусијата на Јани Макрадули.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Ви благодарам потпретседателке,

Јас навистина се чудам на храброста на г. Јани Макрадули и му се дивам на некој начин, затоа што тој излезе да брани нешто, што апсолутно нема елементи да се брани. Го брани Извештајот, кој што го дефинира низ парадигми од типот сликовница, не сликовница, меѓутоа, ако добро го проверил ќе види дека тоа е еден плагијат на реализирани работи од претходната Влада, со кои оваа Влада се кити. Треба добро да ги провери работите, таму стојат. Конкретно, во здравство читајте ги, сите тие се одамна завршени работи, кое сега се ставаат како работи кои што се до 2003 година завршени. За тоа имаме и докази и тоа се јасно.

Според тоа, овој Извештај е еден тежок фалсификат. Понатаму, во сите овие работи во кои што г. Јани Макрадули има разбирање, затоа што тоа се тешки напорни, реформски работи и дека тука жртва е Владата, а јас би рекол дека жртва воопшто не е Владата, жртва е народот, кој понатаму продолжува да трпи нешто, што никогаш не треба да се трпи. А, тоа е бегање од работа, упади насекаде каде што може да се направи упад на ваков или таков начин, паѓање на животниот стандард и губење на перспективата и автоматски со тоа наеднаш жалбата или она што треба да им се пружи на младите луѓе. Што им се пружа на младите луѓе? Дури ни визи не можат да им се обезбедат да одат надвор, затоа што по последните анкети преку 80% од нив сакаат да живеат надвор, а не тука. А, тоа е концептот на оваа Влада.

И, на крај да завршам, нема никаков излез од сето ова, затоа што Владата и во експозето на премиерот не понуди концепт кој нуди излез од оваа состојба. Според тоа, многу е тешко да ги браните сите тие елементи, кои сакавте да ги наведете.

И, уште една работа ќе кажам. Многу е тешко да стигнеме во Европа со потпретседател на Влада кој се бави со Европска интеграција, меѓутоа, доминантен ресор, изгледа и е, дератизацијата и дезинсекцијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господин Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добро, како да го цитирам г. Спиро Мавровски, за да се влезе во Европа треба да се биде пристоен. Очигледно, за жал, професори, доктори на факултет, го немаат барем основното домашно воспитание и да имаат почит спрема некој, без разлика кој колку години има и некој пратеник ако сака да зборува, не значи дека тој треба да биде храбар или не и секој има право да зборува она што мисли и да ги застапува интересите на граѓаните. Или пак, потпретседателот на Владата ако сака да објасни нешто што го наведува негов партиски колега, доколку се смета дека е член на ВМРО ДПМНЕ или од некоја друга партија, не знам во овој момент во која е, тогаш да се критикува истиот тој потпретседател на Влада дека се служи со работи што не се од доменот на евроинтеграцијата.

Криминалот што го правеше претходната Влада, никогаш немаше да не однесе во Европа. Среќа наша што во 2002 година се смени власта, инаку, не ваков Извештај, кој знае и Собраниево дали половина ќе беше, ако останевте вие на власт.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплики веќе нема.

Повелете г. Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Навистина е среќа што минатата година на изборите победи СДСМ, затоа што ако не победеше СДСМ во Тетово немаше да се отвори уште еден универзитет на начин како што се отвори. Јас не видов дека Министерството за внатрешни работи, освен одредени лица кои се пријавуваат дека се припадници на Службата за безбедност и контраразузнавање, кои два дена превртеа буквално се во компјутерските системи во Сител Телевизија, службеници на Министерството за

култура влегуваа практично во секоја фирма во главниот град во Република Македонија, кој се занимава со дистрибуција на компјутерска опрема или било какви други облици на софтвери, барајќи од каде се набавуваат одредени хардверски предиспозиции, компоненти кои ги имаат неколку издавачки куќи во земјава. Истовремено, истата таа Управа за безбедност и контраразузнавање, свесен е господинот Петковски како претседател на Комисијата за безбедност, преку 60 лица имаат испратено писмо, со кое бараат да биде нивното барање разгледувано на Комисијата за одбрана, затоа што единствена грешка, која во очите на СДСМ тие ја имаат направено е што додека беше ВМРО на власт, значи минатите четири години, тие не беа отпуштени, сеуште беа на работа. Значи, г. Макрадули на навистина добар начин објаснивте како може да се користи Управата за безбедност и контраразузнавање, како можеме да отвораме универзитети со оружје, како можеме да помогнеме во образованието, тоа да се развива, со тоа што секој ден главна вест во изминативе месеци беше штрајкот на учениците и на средношколската младина во Битола, Скопје. Учениците македонци се степале со своите соученици од друга национална припадност или пак професорите се тепаат меѓу себе. Во секој случај можам да констатирам дека навистина безбедноста е на повисоко ниво, затоа што ако не друго човек се замислува дали да облелче полициска униформа, затоа што може да биде киднапиран, приведен, уапсен, малтретиран на било кој начин, но само ако се наоѓа на погрешната страна од реката Вардар.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господин Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добро, господинот Трендафилов како по обичај злоупотреби реплика јас што одговарав и нема процедурално право, но ќе морам да одговорам. Не знам за кои хардверски предиспозиции, не можам да ве разберам што сакавте да кажете, јас кога зборував веќе година дена во Македонија компјутерскиот глушец не чини, 1000 евра, зборував за цените на пазарот во продавниците. Доколку, се почувствувавте погодени или пак имате контакти со експертите за компјутерска опрема, Шуклева и компанија, тоа е ваш проблем, не е мој.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолжуваме со дискусии.

Збор има г. Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Измина точно една година од формирањето на оваа Влада. И, после една година се прави реконструкција на Владата. Тоа е повод да се проговори за работата на оваа Влада. Исто така, ова е повод и да се изнесат фактите и да се направи анализа дали новата Влада односно новата власт е подобра од претходната и како резултат на работата на Владата, дали вкупните состојби во Република Македонија се подобрени. Во јавноста постојат одредени мислења и коментари и постојат одредени оценки за тоа. Исто така, добро се познати од друга страна и условите и состојбите во кои работи Владата и проблемите со кои таа се соочува.

Имајќи ги предвид изнесените околности, но истовремено и сите воочени слабости и пропусти, кои објективно постојат, сметам дека оценката и впечатокот за Владата е дека е таа подобра од претходната односно дека генералната состојба и правецот во кој се движи Република Македонија, за разлика од пред една до две години, се значително подобрени.

Ние, СДСМ и Коалицијата за Македонија заедно уште во предизборната кампања не говоревме и не ветувавме нереални работи и тоа секаде го нагласувавме и потенциравме. Затоа што, многу добро знаевме во каква лоша состојба се наоѓа Република Македонија и тоа најмногу како резултат на лошото владеење на претходната Влада. Но, ние ниту тогаш, а ниту сега не велевме и не постапувавме како претходниците односно како правеле претходниците. Ние велевме, ветивме и ветувањето го исполнивме дека ќе бидеме подобри и дека во Република Македонија ќе биде подобро. Ние не се споредуваме со полошите од нас, за да имаме после евентуално оправдување или отстапница за евентуални слабости. Напротив, ние бевме храбри и ние ја презедовме одговорноста и ризикот и ние успеавме да бидеме подобри.

Суштината на политичката битка е предизвикот да се биде подобар и тоа треба да се потенцира како разлика за тоа што се вистинските факти за оваа една година од работа на новата Влада. А, факт е дека оваа Влада е подобра.

Најпрвин, подобра е затоа што во Република Македонија за само една година значително е намалена корупцијата и организираниот криминал, за разлика од времето на претходната Влада, кога тоа за неа беше главно обележје.

Факт е понатаму дека во Република Македонија нема повеќе мега скандали и апели со кои беа преполни медиумите, а во кои беа инволвирани високи функционери од претходната власт, а сегашната опозиција, што, за жал, во тој период стана главно обележје на претходната Влада.

Факт е понатаму дека Владата денес ја добила битката против корупцијата и против непотизмот и во тоа најголема мерка може да се покаже примерот со конкретни разрешувања, односно преземање на конкретни мерки против функционери кои ги назначила оваа власт.

Понатаму, факт е дека денес во Република Македонија не постои реваншизам по партиска основа како што тоа беше пример и правило за претходната Влада која вработуваше исклучиво со партиски книшки и што е уште полошо најчесто нестручни и несоодветни кадри.

Доказ за ова е и тоа што најчесто при спроведување на одредени рационализации на вработените опфатени се и членови токму на партиите на власт и притоа не се прави никаква разлика по партиска припадност, што не беше случај, се разбира, за минатата власт.

Исто така факт е дека постои превработеност во јавниот сектор и факт е дека тој проблем не го создаде оваа Влада, туку оваа Влада се нафати овој проблем да го решава со сиот ризик кој го носи тој процес и тие реформи.

Факт е дека оваа Влада имаше доблест да ја формира Антикорупциската комисија, а претходната Влада факт е дека не го стори тоа. Таа Комисија функционира и постапува по одредени случаи, а сите функционери од оваа Влада пополнија анкетни листови за својата имотна состојба и што е најважно ги ставија на увид на јавноста. Тоа не го стори поранешниот премиер и сегашен почесен претседател на ВМРО-ДПМНЕ.

Факт е дека првиот и вториот ред каде што седи погореименуваната личност која штотуку ја напушти салата е сместен и целиот состав на поранешната Влада речиси по правило првиот и вториот ред се празни или полупразни, а некои од нив оправдано отсуствуваат од работа во Собранието по 4-5 месеци.

Не може господа само со вербални изјави и популистички партиски соопштенија и без притоа да понудите конкретни решенија да барате и да предлагате предвремени избори иако е тоа демократско право на опозицијата,

меѓутоа, притоа да изгубите од предвид дека до пред само една година вие се наоѓавте на власт и вие ја сочинувавте и вие бевте министри во претходната Влада и имавте можност со факти да покажете дека вие сте подобри, но фактите кои ги изнесувам јас го говорат токму спротивното, односно едноставно нема причина за таквите ваши барања затоа што факт е дека во Република Македонија состојбите одат кон подобро, а не се влошуваат.

Точно е тоа дека во Република Македонија најголем проблем е невработеноста и економската состојба. Точно е тоа дека ние ветивме подобрување на тоа поле и затоа Владата ќе мора да преземе конкретни економски мерки за во иднина да ја реализира својата програма, а тоа значи дека основен приоритет ќе биде токму економијата и што е најважно тоа ќе има реални показатели за тоа дека навистина има подобрувања што потенцирам подобрувања кои граѓаните ќе ги осетат директно на себе и на животниот стандард на нивните семејства.

Токму поради подобрување на резултатите во економијата и отворањето на нови работни места се прави и оваа реконструкција на Владата која ги опфаќа двата најважни економски ресори и со која реконструкција ќе се зголеми и подобри ефиканоста на работењето на Владата.

Да продолжиме со фактите. Во контекст на гореизнесеното факт е исто така дека колку што повеќе одминува времето во Република Македонија се зборува за понормални и посекојдневни работи кои се од интерес за граѓаните, што е добро. Токму за економијата и вработувањето што само по себе е огромен проблем, но и најголем приоритет на оваа Влада која до наредниот период ќе мора многу повеќе да работи на овој план.

Од друга страна постојано од опозицијата, а посебно од страна на некои нејзини функционери кои во некои кругови се третирани како големи економски експерти пристигнуваат критики без притоа да бидат образложени или понудени конкретни контра мерки. Да не заборавиме дека до пред само една година сегашниот претседател на најголемата опозициона партија беше министер во претходната Влада и тоа замислете во сите три економски ресори трговија, финансии и економија. Тогаш би го поставил прашањето. Зошто кога имаше можност токму во областа на економијата и во овие министерства не отвори токму тој нови работни места, па поради тоа да победи на изборите и повторно да остане на власт, туку со кампањите од типот “македонско сонце” за кои се потрошија огромни пари не беа вработени нови луѓе, туку беше само зголемувана

непродуктивно државната администрација, што е болно прашање и сега проблем на оваа Влада. Оваа Влада треба да го решава тој проблем

Горниот факт е наведен и поврзан токму од постоењето на еден друг факт, а тоа е дека во Република Македонија безбедносната состојба е стабилизирана и значително подобрена, што е основен предуслов за нормално функционирање на државата. Тоа значи и тоа го покажува фактот дека двете министерства од областа на одбраната одлично ги извршуваат своите обврски.

Исто така фак претставува  дека во значителна мерка се подобрени и меѓунационалните односи и градењето на доверба и соработка, што во најголема мера е резултат на доследното и брзото спроведување на Рамковниот договор од страна на Владата и Парламентот.

Факт е исто така дека оваа Влада не заговара и не застапува поделби и преселби во Република Македонија и размена на територии, туку работи на интеграција и толеранција, тоа го застапуваше претходната Влада.

Факт кој посебно треба да се нагласи е реалната можност која сосема и извесна дека до истекот на мандатот на оваа Влада Република Македонија ќе биде примена во членство на НАТО, што е резултат на исклучиво добрата работа и спроведените реформи во Министерството за одбрана што значи исполнување на условите за членство. Како доказ за ова е завршувањето на присуството на странските воени мисии во Македонија.

Факт е дека почнува да функционира правната држава во Република Македонија и да се спроведуваат законите на целата територија, а безбедносните органи да превземаат соодветни професионални акции и да ги извршуваат своите задачи во рамките на своите законски надлежности.

Тоа за претходната Влада не беше случај и затоа и за оваа работа сме ние подобри.

Факт е дека Владата работи на забрзување на процесот за влез во Европската Унија преку прилагодување на законодавството со директивите на ЕУ и исполнување на останатите услови што неопходно бара многу напори, многу откажување и истовремено упорност и доследност.

Факт е дека во Република Македонија во периодот од 1998 до 2002 година е изгубено драгоцено време и тоа благодарение токму на претходната Влада и не само тоа, жалосно е што сите заедно и оние кои гласале и оние кои не гласале за таа претходна Влада сите граѓани на Република Македонија, сите заедно назадувавме во овој четиригодишен период. Тоа е факт и уште порагично е тоа што

оние кои тогаш крадеа на секој човек во оваа држава му украдоа и по четири години од развојот и од демократијата и по четири години од иднината на граѓаните. Оваа Влада помеѓу другото мораше дел од тие четири години да ги надополни токму во оваа година и затоа оваа Влада е подобра од претходната.

Сите овие факти не доаѓаат сами по себе и не паѓаат сами од небо. За да тие постојат неопходно е некој да го сработи тоа. Тоа е разликата помеѓу оваа влада дека успеа да ги направи сите овие работи што ги изнесовме како факти за само една година и покрај сите објективни проблеми.

Ете затоа оваа Влада е подобра.

Тоа се работите кои се променети во Република Македонија и тоа е заслуга на оваа Влада и тоа е успехот на политиката на оваа Влада.

Затоа на крајот во целост треба да се поддржи предлогот за реконструкција, а тоа ќе биде дополнителна гаранција дека наредната година ќе констатираме и сите заедно ќе почувствуваме подобри резултати од работењето на оваа Влада.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прв за реплика се јави господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Факт е дека Република Македонија имаше обврска да спроведе конкурс и обука на одреден број државни службеници кои нема да доаѓаат од редовите на народот од кој се изведува суверенитетот, туку ќе бидат припадници на малцински групи и исто така факт е дека на Владата истите тие европски институции и го укинаа правото да го распишува тој конкурс затоа што тој конкурс при избор на државни службеници го направи на еден крајно нетранспарентен начин и освен тоа што беше направен на нетранспарентен начин истиот тој конкурс во себе содржеше избор на луѓе кои воопшто ги немаа елементарните образовни основи воопшто да учествуваат на тој конкурс.

Исто така, факт е дека Владата на Република Македонија во придружба на голем број стопанственици ја посети Руската Федерација, исто така е факт дека таму обидувајќи се да ја претстави во што е можно најдобро светло Република Македонија ја претставуваше со рекламен и пропаганден материјал стар најмалку 15 години.

Да се изразам со јазикот на претходниот дискутант неминовен факт е кога овие две работи ќе ги разгледаме заеднички, факт е дека оваа Влада нема капацитет да не доближи до Еу и факт е дека оваа Влада не може да биде свесна дека дури ни Русија не е онаа од пред 20 години каде очигледно вие припаѓате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор од господинот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Трендафилов единствен точен факт од тоа што го наведовте е дека ништо од репликата не беше содржано во мојата дискусија и затоа нема на што да ви одговорам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јавува потпретседателката на Владата госпоѓа Радмила Шеќеринска.

Ќе завршиме со репликите, се пријави потпретседателката, а таа има предност, а нема проблем ќе ги завршиме репликите за Кондарко.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Сакам да се јавам со едно извинување до пратеникот Оровчанец заради тоа што очигледно сум прочитала и нешто што не сум требала да го прочитам, а сега ќе ви објаснам зошто тоа сум го направила.

Заради тоа што според мене европска Македонија не е некоја приказна од сликовниците, за мене во една таква европска Македонија кога сериозна и најбројна опозициона партија ќе излезе пред македонската јавност и ќе каже дека еден од министрите е вмешан во афера без разлика дали се работи за дезинфекција, дали се работи за набавка, или за било што и кога ќе ја обвини Владата и министерот дека е тоа направено со криминална позадина првото што секој министер и премиер во една таква европска Македонија треба да го направи е да ги побара доказите, да ги побара податоците и да уТврди дали тој министер или некој друг во Владата навистина ја носи одговорноста. Ако тоа го прави, ако тоа го направил и ако ја носи таа одговорност, тогаш да го повика на одговорност. Мислам дека тоа е европска Македонија.

Во таа европска Македонија кога опозицијата ќе излезе со таква теза која многу едноставно може да биде демантирана и кога ќе се види дека всушност се плаќале сметки кои ги склучувала токму Владата произлезена од партијата која излегла на прес конференција, минимумот што треба да го стори опозиционата партија е да излезе и да се извини и да го поддржи МВР во констатирањето на неправилностите и покренувањето на соодветна постапка, што и беше направена.

Ако сега можам да констатирам Македонија има нешто што направила за да изгледа европски. Владата реагирала, Владата пред јавноста како секоја европска држава излегла со податоци, не се срамни, без разлика на што се однесуваат, МВР излегло и започнало процедура, меѓутоа, за жал, нашата европска опозиција дури и во вакво сценарио не излезе и не се извини дека грашно ја информирала јавноста, или дека ја  манипулирала јавноста.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На реплика на госпоѓа Шеќеринска господинот Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Мојата реплика до потпретседателката на Владата беше сосема во друг контекс а што се однесува до ситуацијата дали опозицијата не верува или верува во европската ориентација и колку е ориентирана, очигледно е Владата дека не верува во таа ориентација затоа што самиот премиер рече дека апликацијата за ЕУ е научна фантастика.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Вчера имавме пауза од два или три часа, не се сеќавам добро, во кои секој член на Парламентот вклучително и на членовите од опозицијата беше предадено писменото експозе на премиерот. Ако се обидете да се навратите на зборовите кои беа посветени на апликацијата на РМ во ЕУ ќе видите дека реченицата не ви е целосна, а дека тоа што го заборавате е многу важно. Премиерот дословно рече апликација за членство во ЕУ од страна на РМ пред една година ќе беше научна фантастика, меѓутоа денеска работите, меѓу другото и заради оваа Влада и заради ова Собрание и заради многу други состојби се промениja и тоа веќе не е така.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Митрева има збор.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Во репликата на господинот Трендафилов е содржана една комплетно невистинита оценка за посетата на премиерот Црвенковски на Руската Федерација.

Не можам да сфатам од каде е тој мрачен порив, една посета која има далекусежни последици за врските со оваа исклучително важна земја за РМ и за одвивањето на економските релации меѓу двете земји, меѓу другото многу битното средување на клириншкиот долг на Руската Федерација кон Македонија да се сведува на пропаганден материјал кој не е пропаганден материјал на Владата, туку на Стопанската комора на Македонија.

Дали таа замена на тези може да направи добро на Македонија или лошо. Ако има забелешки од таков тип еве ја Стопанската комора на Македонија, па нека се обрати таму, тоа не е должност на Владата на РМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално господинот Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Жалам госпоѓо потпретседател на Парламентот, меѓутоа, да не го направиме Парламентот владин трибунал. Не е во ред членовите на Владата да се јавуваат за реплика или за противреплика. Затоа барам согласност од Парламентот и така сме изгубиле време, па да изгубиме уште малку, барам од членовите на Владата, ве ,молам да го почитуваме овој ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Насуфи очигледно Деловникот не сте го простудирале добро, ова е сосема во склад со Деловникот, на дневен ред е точка која се однесува на Програмата на Владата, така што кога некои точки кога се нападнати, нормално е министрите сакаат да се изнесе вистината онака како што е.

Значи, продолжуваме со реплики на излагањето на господинот Кондарко.

За реплика се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, мојата реплика се однесува на говорот на господинот Кондарко и согласно на членот 86 од Деловникот на Собранието на Република Македонија сметам дека имам право на реплика по основ на неточно пренесен наод, по основ на недоразбирање и по основ на лично дообјаснување.

Имено, би сакал да го потсетам господинот Кондарко дека на дневен ред е работењето на Владата на РМ за периодот од септември или ноември 2002, па се до ноември 2003 година.

Иако тежината на говорот беше цело време што работела Владата на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 до 2002 година. Сметам дека народот не го интерсира толку тоа, го интересира што оваа Влада вети и што направи. Инаку ја ценам неговата заложба да ја оправда Владата и да направи подобро од претходната што е сосем нормално, меѓутоа најдобро ќе беше доколку не се јавеше за збор и доколку молчеше , мислам дека тоа ќе беше најдобриот говор со оглед на сето она што има сработено во оваа претходна година. Би тргнал по неговите наводи. Имено, во неговиот говор кажа дека оваа Влада на 15 септември, или на 1 ноември 2002 година нема ништо нереално ветено, т.е. не ветила ништо што не можела, или што не остварила. Само би го потсетил дека во областа на вработувањето беше многу помпезно најавувано по еден член од секоја фамилија дека ќе биде од невработените вработен. Иако ќе речете, еве има 4 години, меѓутоа една година е една четвртина од тие 4 години, барем треба да има некој напредок во областа на вработувањето како еден од најтешките проблеми со кои што се соочува Република Македонија во последните 10 години. Меѓутоа, ние сме сведоци на масовни отпуштања и тоа отпуштања како што често ние не сакаме да кажеме по селективен пат. Така што имаме зголемување на бројот на невработени. Значи, тоа е првиот основ што сакам да кажам дека оваа Влада ветила нешто што не го остварила.

Исто така, по основ на безбедносната состојба кажа, ветила дека ќе ја подобри и ја подобрила. Само сакам да напомнам дека безбедностана состојба во Република Македонија е статус кво, бидејки не е влошена, меѓутоа таа е иста како што беше во најдобар смисол на зборот. Бидејки според мое мислење коалиционен партнер е ДУИ, еден од тие кој што беше учесник од албанската страна во војната во 2001 година. И можеби нивното влегување во власта ја прави оваа состојба статус кво. Меѓутоа, треба да биде многу подобра со оглед на тоа што се во власт и да покажат дека навистина може во кризните региони да се оди, меѓутоа да се оди без полициски придружби.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално господин Хисни Шакири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, изгледа добивам впечаток за дискусиите што ги слушам во текот на двата дена дека на нас не ни е јасен дневниот ред. Господине пратеник, Деловникот многу добро ни кажува и знаејки го добро Уставот, а Деловникот е усвоен врз основа на Уставот, доколку Ве интересира гласањето за доверба на Владата со 20 гласа, или со 20 потписи од секоја парламентарна група можеме да дискутираме за оваа работа долго и на широко. Сега на дневен ред го имаме прашањето на реконстукција на Владата со 4 нови министри. Зошто сега ја малтретирате оваа државна институција, мислам дека не е правично бидејки слушаме дебати кои што траат по еден час. Во тој еден час може многу нешто да се каже и тоа право го има секој пратеник. Но, сепак треба да ни биде јасно и да имаме респект за сето она што се случува околу нас и во нас. Мислам дека ние како пратеници не сме свесни и многу не ни е јасно всушност што се бара сега во конкретниов момент, реконстукција на Влада со 4 нови министри. Доколку некој има забелешки околу работата на Владата, Ве молам уште еднаш Ве потсетувам со 20 потписи барајте изгласување доверба на Владата и можеме да дебатираме цела една недела, а не денеска да не малтретирате не само нас, туку и институцијата во која што работиме.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Госпоѓо потпретседател, процедурално сакам да му замерам на господинот Коце Трајановски, заради тоа што денеска не е на дневен ред извештајот за едногодишната работа на Владата на Република Македонија . Тоа со гласање не беше прифатено. Денеска на дневен ред е Предлог за избор на членови на Владата на Република Македонија . Ќе Ве молам сите да се придржуваме на дневниот ред, бидејки изгубивме многу време надвор од дневниот ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Верувам дека дискутантите ќе го имаат тоа во предвид.

Процедурално господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал само нешто да појаснам. Видов дека процедурално се јавивте после мојот говор. Меѓутоа, мојот говор беше многу конкретен. Се работеше за реплика на говорот на еден од пратениците од позицијата со конкретно наведување

што е кажано и што јас мислам дека не е така согласно на член 86. Инаку, не кажав ништо далеку од тоа и многу кратко беше. Јас незнам зошто се возбудувате кога покрај тоа што ова е реконстукција на Влада, господинот премиер даде објаснување, експозе за целогодишната работа на Владата. И тоа ни даде основ ние да дискутираме за работата на Владата од една година. Мислам дека точката не ја прифативме со оглед на тоа што во оваа точка ќе се расправа за едногодишната работа на Владата на Република Македонија . Незнам зошто се возбудувате. Репликата беше многу процедурално на место, всушност деловнички на место согласно член 86.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата има господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Трајановски, членот 86 од Деловникот на кој се повикувате требаше да го примените на Вашиот сопартиец господинот Спиро Мавровски. Тој зборуваше за 1998 година до 2002 година, а јас изнесував факти, а не ја правдав Владата. Факт по дефиниција е нешто што постои, што не се оправдува, што не се докажува и што не се објаснува. Факт е факт. Значи, членот 86 да го примените на Спиро Мавровски. Јас говорев за работи во изминатата година и ја кажав разликата во што е оваа Влада подобра. Ако мислите дека говорев за некои работи што се пред 2002 година за тоа што го кажав дека почесниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ сеуште не предал анкетен лист на антикорупциската комисија, тоа е факт од 2003 година. Исто така во прилог на фактите јас ќе го дополнам мојот говор и ќе Ви кажам, бидејки постојано говорите за отпуштањата во Електростопанство на Македнија, да ми кажете дали на некого нешто му фали од Вашите видни и истакнати членови кои се вработени токму таму и тоа: Игор Гиевски член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, братот на госпоѓата Ганка Самоилова-Цветаовска, сопругата на господинот Ставре Џиков и сопругата на г-динот Флоровски. Сите овие сеуште работат во Електростопанство. Дали е тоа реваншизам по партиска основа?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурална госпоѓа Ганка Самоилова Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Ги молам пратениците од СДСМ кога бараат процедурално и забележуваат на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да се држат на дневниот ред, значи да се дискутира

строго за членовите, односно министрите кои се предложени да бидат членови во Владата на г-динот Црвенковски, истото да го побараат и од своите сопартијци, исто онака како што пратениците од ВМРО-ДПМНЕ дискутираат за работата на Владата, така и нивните сопартијци дискутираат за работата на Владата на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 година до 2002 година. Барам принципиелност, ако веќе даваат забелешки на опозицијата, тогаш прво, нека го направат тоа во сопствените редови. И следнито пат кога г-динот Кондарко ќе забележува  кој седи во првите редови, нека го направи тоа во сопствените редови на својата пратеничка група и во редовите на Владата, за да после забележи кој седи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА;

Јас би сакала сите да Ве замолам колеги да не ги користите формите за процедурално обраќање за меѓусебни реплики. Мислам дека тоа не е во ред. Сега да продолжиме со дебатата.

За реплика на говорот на г-дин Кондарко се јави г-дин Жарко Караџоски, или се откажуваш.

Тогаш, продолжуваме со пријавените дискутанти.

Има збор г-дин Славе Арсоски.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Почитуван потпретседателке, претставници на Владата, колеги пратеници, добро е што имаме можност и да расправаме за реконстукцијата на Владата, во тој контекс и општа расправа за едногодишното работење на Владата. За персоналните решенија не би сакал многу во овој момент да се осврнам што ги предложи премиерот се разбира , но сигурно сакам да продискутирам за се она што е направено, односно сторено за овој минат едногодишен период во функционирањето на оваа Влада избрана токму  пред една година од нас пратениците.

Веднаш на почетокот да истакнам дека во основа она што и минатата година кога се конституираше оваа Влада и кога го слушавме експозето на премиерот г-динот Бранко Црвенковски што ќе се направи во наредната година, според мене генерално работите одат во позитивна насока и е направено. Главните правци на делување како што сите знаете беа во три насоки. Според мене тогаш рак рана на граѓаните на  Република Македонија  и на државата  Република Македонија  беше стабилизирање на безбедносната состојба, борба против организираниот криминал и корупција и се разбира создавање на предуслови за економско и финансиско стабилизирање на состојбите во земјата. Неминовно пред мене се отвора

прашањето дали да се земе во предвид она што се сработило претходно. Да се разбереме, јас тврдам дека мора да има причинско последични врски она што се сработило до 2002 година, претходната Влада и какви биле основите да се сработи, наредната Влада. Вчера ние го слушавме г-динот Никола Груевски, бев изненаден веќе споредби правеше не 1998-2002 година, туку 1992-1998 година. И според тоа фактички работењето на оваа Влада морало да има причини , односно последици како е и какви се состојбите во Република Македонија кога била на власт се разбира коалицијата помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА.

Сега поединечно би сакал да дадам свое видување во реализација на сите овие генерални определби кои што беа многу тешки, а како што претходно истакнав безбедносната состојба, организираниот криминал и создавање на тие предуслови за економско и финансиско стабилизирање во нашата земја. Веројатно сите знаете доаѓам од регион кој што во минатиот период, односно до 2002 година спаѓаше во регион кој што беше безбедно тотално нестабилен, каде што граѓаните во тој регион секојдневно го поставуваа прашањето што да се прави, дали може да се опстои на тие простори, дали може заеднички да се живее како што било отсекогаш и т.н. Тоа беше време, конкретно, еве за пример ќе ја земам 2002 година, односно до паѓањето на власта на минатата Влада кога секојдневно имаше многубројни безбедносни проблеми, кога имаше убиства, за жал 15 дена пред изборите токму во Гостивар во населба Циглана погинаа двајца резервисти, уште глетката е пред мене, бидејки во тој кобен момент јас бев таму.

Нешто за митингот во Гостивар спомна вчера г-динот Никола Груевски. Јас ќе му одговорам. Величенствен митинг беше прв, имаше над 8 илјади луѓе дојдени од сите етнички заедници со единствено прашање, излез бараа токму на ова конкретно, суштинско прашање, односно како ќе биде во наредниот период, како ќе биде безбедноста. Тогаш граѓаните ние таму не поставувавме други прашања. Не случајно токму во тој регион тогашната власт денешна опозиција го доживеа најголемиот пораз, изборен пораз да знаете, токму од тие причини, а има многу други. Насоченоста на Владата кон средување на безбедносната состојба во Република Македонија беше од првостепено значење. Јас како народен пратеник во целост ја подржувам и искрено да Ви кажам дека после една година работите на тој план драстично се изменети во позитивна насока, односно веќе оние прашања кои граѓаните претходно ги поставуваа веќе полека исчезнуваат од нивните мисли. Ние најдобро го знаеме, не го знаете Вие најдобро од другите региони, еве да речеме од Источниот дел на Македонија. Сега во тие места нормално се работи и се движи.

Мешаните полициски сили имаат пристап во секое село, не само мешаните полициски сили, туку и граѓаните имаме пристап во секое село без разлика на етничката припадност, дали е тоа чисто албанско село населено со население од албанската етничка заедница или пак не е. Ние го знаеме тоа бидејки се движиме, така се лоцирани селата и никако не можеме да речеме дека е исто безбедно, безбедносната состојба е иста  сега како што била во 2002 година, а да не зборуваме за 2001 година. Во тие рамки што побрзо имплементирање на Охридскиот рамковен договор значи побрзо стабилизиртање на сите состојби во Република Македонија . Во тој правец истакнувам дека сите оние кои што го потпишаа тој договор должни се и активно да учествуваат во реализација на истиот, а не секојдневно да слушаме, или читаме по весниците разно разни колумни од сегашни, или бивши лидери на политички партии дека иднината на Македонија е во делби и поделби од преселби, раселби и слично. Многу непреспиени ноќи имаа граѓаните од Западниот дел на Македонија, па и пошироко со појавата на такви ступидни идеи за делби и поделби, а знаете од кого потекнуваа, за жал некои беа и наградувани од тогашната власт па станаа амбасадори во некои големи земји. Да Ви кажам искрено имињата не сакам да ги споменам. Значи, по оваа генерална определба на Владата за средување на безбедносната сосотјба сметам дека за овој едногодишен период постигнати се евидентни резултати, бидејки ние граѓаните посебно од таквите простори и најдобро го чувствуваме. Да Ви кажам пример, за првпат се случува во Гостивар,знаете за Силика, Силика-Доломит, за првпат имаме влез на странски партнер од Компанија од Турција и да дојдете и да видите кои средства се вложуваат таму и како се прави, се рестартира таа фабрика. Значи, веќе со стабилизирање на безбедносната состојба истиот партнер бил заинтересиран и 2001 година и 2002 година и токму од тој аспект не сакал да вложи. Голема среќа е на тие простори да дојде странски капитал, бидејки иднината на сите нас таму е подобра.

Во делот на спроведувањето на организираниот криминал и корупција, ова прашање за секоја Влада па и за нашата исто така е од првостепено значење. Непобитен е фактот дека тоа зло го има во сите земји, но битно е прашањето до кој степен истото зло е застапено. За жал, кај нас криминалот и корупцијата имаа заземено невидени размери со катастрофални последици за целата земја, безбедносни, економски, социјални и т.н. Според мене институциите на извршната власт во текот на минатата година одговорно и совесно го извршија својот дел од работата. Сигурно сите носители на такви деанија ќе си добијат соодветни

санкциони мерк, се разбира во една нормална процедура. Веќе нема секојдневни скандали од таков тип како што имавме што незначи дека борбата против тоа зло е завршена. Напротив истата и понатаму треба да се продолжи. Сведоци сме веќе на одделни судски пресуди против такви лица, од типот на бивши министри. Гледате дека веќе ги нудат да ги вратат не малите државни пари што ги земаат. Го знаете случајот каде се работи за еден милион евра, еден и пол милиони евра, ги враќаат.

Јас во една дискусија, минатата година кога го правевме ребалансот на Буџетот за 2002 година истакнав дека тој дефицит може да се смали, се разбира, доколку парите кои на криминален начин се зедоа од страна на поединци и навреме да се вратат. Сигурно дека сега Буџетот, со овие еден и пол милиони евра, колку што имаме информации дека се нудат и треба да се вратат, ќе се потмогоне економски соодветната институција.

Сега ќе се осврнам на третата определба што како цел беше поставена од Владата на Република Македонија. Тоа беше создавање на предуслови за економско и финансиско стабилизирање состојбите во нашата земја. Во нормални земји оваа определба, економската и финансиската состојба во сите земји е од првостепено значење. Но, за жал, ние не бевме нормална земја со нормални појави. Непобитен беше фактот дека и во оваа сфера состојбите беа хаотични, со нарушени економски параметри, со огромни финансиски дубиози, меѓународно финансиски изолирани и слично. Вие знаете, и кога се правеше ребалансот на минатогодишниот Буџет, дефицитот беше енормно висок, односно се затече дупка во истиот буџет од околу 5 милијарди денари, ниска стапка на пораст на бруто општествениот производ, пад на индустриското производство, високи, активни како и пасивни камати, посебно високи каматни стапкии благајнички записи, преработеност во државната односно јавната администрација. Според мене, токму таквите наследени состојби го детерминираат и работењето на Владата оваа година во правец, како и што и претходно истакнав во средувањето на овие состојби, битни за секоја држава.

Ние кога го носевме Буџетот за оваа година, некаде во март месец, јас тогаш истакнав дека е позитивно што после четири години носиме Буџет кој во апсолутен износ е помал од претходните години, некаде за 100 милиони евра, што значи помали зафаќања, односно регулирање на јавната потрошувачка. Јас тогаш истакнав, за жал, поради огромната превработеност во државниот сектор, што го направи минатата Влада, буџетот немаше некој голем развоен карактер, од аспект што најголемиот процент од тој буџет, некаде над 20%, отпаѓа на плати на

вработените во овие сектори. Со ваков процент не можеме да имаме некоја развојна компонента во еден таков економски документ во една држава.

Тоа го истакнувам поради тоа што реформите што се започнати во јавниот сектор мора да продолжат, иако истите се болни, а се болни бидејќи може да се создадат услови за поголема развојна компонента на самиот буџет, со смалувањето на овој процент што се дава по основ на плати на вработените во јавниот односно државниот сектор. Имавме невидени вработувања, еве ги имаме овие потписи, честопати господинот Никола Груевски, реформски ориентиран, како што се нарекува, ги имам потписите само од 2002 година, пред изборите и тоа во Фондот за здравство, во Електростопанство на Македонија, во Јавното претпријатие за станбен и деловен простор, каде со негов потпис се вработени повеќе од 2.000 луѓе. Незнам која беше економската логика тоа да се направи. Тоа има негативни импликации.

Одредени предуслови во овој момент веќе се создадени, после една година, кои се и видливи, како што е зголеманта стапка на бруто општествениот производ, и не е којзнае колкава, но од нула, некаде седум, како што беше во минатата година 3%. Некаде во тие рамки зголемувањето треба да се прифати како позитивен тренд. Понатаму, зголемување на индустриското производство, намален дефицит, значајно намалување како на активните така и на пасивните каматни стапки, посебно намалување на каматните стапки на благајничките записи, стабилен курс на денарот и т.н. Посебно тука треба да се има предвид и фактот на финансиско етаблирање на нашата земја во меѓународните институции. Тука јас сакам да истакнам нешто.

Испровоциран бев од дискусијата од минатата седница од еден пратеник на опозицијата. Ве молам, ако имаме консензус дека треба да се етаблираме во тие меѓународни институции, не можеме од јавни говорници така и да настапуваме. Конкретно, господинот Марјан Ѓорчев, кога се расправаше за ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Арсовски, не е присутен овде господинот Ѓорчев и не би сакала да се зборува во негово отсуство.

Исто така сакам да напоменам дека е веќе 16,оо часот и да ја приврshувате дискусијата.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Сакам да кажам за ова прашање бидејќи е многу битно за нашата земја.

Не можеме овде да истакнуваме дека во нашава земја идат некои, “таканаречени референти на Меѓународниот монетарен фонд”. Не можеме такви квалификации да даваме. Од тој аспект сметам, она што го предвидува Владата на Република Македонија во наредната година, во економско - финансиската сфера, посебно за делот на инвестиционата активност, со вакви предуслови и со други работи после реални можности истото целосно да се оствари и да се тргне во правец на економско заживување на состојбите во нашата земја. Според тоа, пред да завршам, да истакнам дека не е во кома нашата држава, како што милуваат некој од опозицијата да кажат. За жал, бевме во таква состојба и во 2001 година и во 2002 година, пред се и ние граѓаните од Западниот дел на Република Македонија, но за жал се се преживеа и сугурен сум дека следниве години ќе бидат години на напредок, на сигурна безбедност и на економски развој и слично.

Со предложените министри сметам дека ќе се зголеми капацитетот на оваа Влада и овие приоритети кои се поставени, се разбира не едногодишно, туку четиригодишно, во целост ќе се остварат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Од целата дискусија што ја слушав заклучив едно, а тоа е дека Министерството за финансии постигнало значајни резултати во минатата година. Тоа беше кажано во повеќе наврати, со одржување на стабилен курс, со сите оние активности што беа наведени во дискусијата на претходниот дискутант.

Дали тоа значи дека промената на министерот за финансии е нешто што е грешка на премиерот Бранко Црвенковски, или пак тоа претставува ваш личен став и вие гласавте против неговото разрешување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика за господинот Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Ако до крај го слушаше мојот говор, јас реков предложената реконструкција оди во правец на зголемување на капацитетот на Владата. Ништо не реков за претходниот министер, ни во позитивен ни во негативен правец.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на господинот Славе Арсовски има господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Арсовски ни изнесе многу податоци дека ситуацијата во однос на безбедноста е многу добра, сите села се посетуваат. Но, имаме еден проблем, патниот правец Тетово - Гостивар, кој е еден од најдобрите, граѓаните на Скопје не го користат и за Охрид поминуваат низ Битола.  За што се работи, мислам дека можете да ми кажете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика има господинот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Бидејќи по трет пат господинот Спиро Мавровски во претходни две седници истакнува некои ноторни невистини, па би го прашал сега господинот Мавровски кога бил на тој патен правец.

Јас ви тврдам дека фреквенцијата на возила на автопатот Скопје-Гостивар-Кичево е најголема од сите автопати што постојат во Република Македонија. Ако не е сигурно тогаш ние нема да се движиме во тој дел. Ако не сте биле на тие подрачја, не сте компетентни да давате соодветни квалификации.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам немојте со довикување.

Дали некој друг има реплика?

Ако нема, тогаш, јас би ве замолила да размислиме за текот на оваа седница. Денес поминаа само петмина дискутанти, а пријавени се уште 32. Доколку продолжиме со оваа динамика нам ќе ни треба најмалку една недела, а ако имаме предвид дека ќе има инспирација и за други дискутанти да се јават, ние значи

Владата ќе ја блокираме во следната третина од месецот. Јас мислам дека тоа не би било логично и не би било добро за земјата. Затоа, јас би ве замолила да размислите.

Утре имам намера да предложам, а заедно ќе се договориме дали тоа ќе биде така, да работиме до крајот, додека не ја завршиме седницата, со тоа што, јас ги молам за посебно разбирање и претставниците на муслиманската вероисповест, би можело, да имаме една пауза од 13,оо до 14,оо часот и втора пауза од 16,оо до 18,оо часот, за да можат да се обават сите обврски и потоа да работиме до крај, до завршување на седницата. Сега да размислиме, па утре ќе се договориме.

(Седницата прекина со работа во 16,10 часот)